**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 март 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господо пратеници,

Ја отварам Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Славица Станковска, Јани Макрадули, Рафет Муминовиќ, Љубчо Георгиевски, Жарко Караџоски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Хусеинџеват Хусеини, Теута Арифи, Мендух Тачи, Абдулади Вејсели, Љубе Бошковски, Никола Груевски и Петар Наумовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да проверат колку пратеници се дојдени.

Бидејќи се 55 пратеници присутни објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи во 11,30 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратениц на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Балковски, Чедомир Кралевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски побараа дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон, за изменување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итноста, овој Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон да биде разгледан на оваа седница.

**Марија Којзеклиска:** Почитувани пратеници пред вас е доставен законот, како што кажа и претседателот на Собранието, за изменување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Би сакала да кажам дека во постоениот закон за изменување и дополнување на законот за вработување во случај на неосигураност, не е решен проблемот на невработените лица кои над 25 години имаат работен стаж. Со овој закон, ние предлагаме всушност, вработените лица кои по било кој основ останале невработени да им се плаќа паричен надомест.

Како што занете во последните 15-на години бројот на невработените лица енормно е зголемен. Во тој број на невработени влегуваат и лицата кои биле вработени по разни основи, потоа го изгубиле тој статус. Република Македонија е декларирана како социјална држава и им се обезбедува соодветен паричен надомест. Во бројот на невработените лица во одреден процент се и невработените лица кои поседуваат над 25 години стаж на осигурување и овие лица многу тешко, дури никако не можат да се вработат, а можнста со сопствени средства и со сопствен труд да си обезбедат егзистенција и егзистенција на сопствените семејства е никаква.

Во насока на потврдување на таквата констатација е фактот дека секоја година од образовните институции кои постојат во системот на образование во Република Македонија, излегуваат голем број на млади стручни кадри, кои бараат вработување, односно работодавачите таквите лица ги вработуваат. Имајќи го предвид сето ова и тешката економска ситуација која постои во Република Македонија, стечајните постапки кои траат низа години и голем број на работници прогласени за технолошки вишок, стечајци и невработени по други основи, а со оглед на нивната старосна структура, целта од донесувањето на овој предложен закон е преку оваа измена на сите нив да им се овозможи примање на минимум стедства за егзистенција на истите, како и на нивните семејства, се до решавање на нивниот конечен статус, доколку истиот биде решен.

Од тие причини, барам подршка од колегите на ова седница да биде разгледан Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на пратениците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеника, 62 за. 1 воздржан, 7 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Љубчо Балковски, Чедомир Кралевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон ви е доставен.

Госпоѓо Којзеклиска вие сте претставник и за ова.

Повелете, образложете ја итноста.

Само сега бидете пократки, бидејќи основата е иста. Не можете повеќе од три минути.

**Марија Којзеклиска:** Пратеничката група на ВМРО Народна партија предлага да се донесе закон за дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Јас навистина, не знам дали има потреба да ја образложувам итноста на потребата од донесување на овој закон, меѓутоа, за да се запази Деловникот на овој законодавен дом, потребно е да кажам два три збора, дали ќе бидат две или три минути, тоа ќе остане на мене да проценам. Ќе бидам пократка во секој случај.

**Љупчо Јордановски:** Не водиме материјална расправа и затоа вие не можете да процените. Повелете.

**Марија Којзеклиска:** Нема ограничување итноста за колку време може да биде образложена во Деловникот на Собранието.

Значи, имаме фактичка ситуација дека повеќе од 4 месеци стечајните работници штрајкуваат во Република Македонија, имаме блокади на институциите на државата. Во меѓувреме, од страна на премиерот и надлежниот министер за труд и социјална политика имаа повеќе средби со стечајните работници, меѓутоа, тоа досега не даде никаков резултат.

Согласно постојните закон за пензиско и инвалидско осигурување, постојат три основи на кој можат лицата да стекнат право на пензија. Тоа е старосна пензија, инвалидска пензија и семејна пензија. Овие луѓе кои се во најголем број, да не речам над 90% над 25 години работен стаж и над 55 години старост, верувајте, колку и да сакаат да работат, кога ќе отидат кај работодавците, работодавците им велат стари сте, не ве бива, нам ни требаат млади кадри. Значи, колку и да сакаат да се трудат сами да го заработат својот леб, тоа не им е овозможено. Државата Република Македонија, како што претходно реков, кога го образложував претходнот закон, односно од потребата за донесување на претходниот закон, кажав дека е социјална држава, која во својот Устав го утврдила начелото на социјална праведност, редно е доколку овие луѓе кои изработиле 25 години од својот живот и придонеле за развојот на економијата во оваа држава и на самата држава воопшто, ако веќе не можат да ги исполнат условите предвидени со Законот за прензиско и инвалидско осигурување, ред е државата да им врати со тоа што, посебно овој Парламент ќе ги поддржи измените кои ги предлага пратеничката група на ВМРО Народна партија. Значи, ќе оставам понатаму на материјалната расправа, се разбра доколку парламентарното мнозинство се согласи овој закон да го изгласа, јас ви препорачувам и пожелно е да ви се заблагодарам, доколку гласате за итноста од потребата за донесување на овој закон, а верувајте дека ќе ви бидат благодарни и стечајните работници, доколку се гласа и за итноста, но и за самиот Предлог за донесување на закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на пратениците го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 59 за, 1 воздржан, 11 против.

Констатирам дека Предлогот на пратениците е усвоен.

Господине Кралевски процедурално повелете.

**Чедомир Кралевски:** Благодарам претседателе,

претседателе, не знам дали спраѓа оваа моја да кажам, интервенција во некаква процедурална категорија, или пак ќе ја толкувате пошироко. Но, ќе ми дозволите да кажам во врска со сега изгласаните на дневен ред предлози.

**Љупчо Јордановски:** Не, благодарам, не е тоа во рамките на процедурата.

Претеникот Каме Петров предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија. Предлогот на одлуката за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје и Предлогот на одлуката на огласување избор на судии на основните судови во Струмица и Кочани.

Заради рационалност, пратеникот Каме Петров ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го извршиме за секој од нив оделно.

Господине Каме Петров имате збор, повелете.

**Каме Петров:** Почитуван претседателе, за денешнава 128 седница на Собранието на Република Македонија замолувам дополнување на уште неколку точки во дневниот ред за избор на судии во Република Македонија.

Итната и неодложна потреба произлегува од потребата за навремено објавување, течење на роковите на огласите, пријавување на кандидатите и нивен избор во судовите на повеќе нивоа, односно на инстанци во судовите во Република Македонија.

Затоа, молам ова дополнување, односно предлог да го поставите за расправа и одлучување, согласно одредбите на Деловникот за итност и неодложност. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на пратеникот Каме Петров, Предлогот на одлуката за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 75 се присутни пратеници, 56 за, наме воздржани, 4 против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров, Предлогот на одлуката за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 75 присутни пратеници, 57 гласале, 53 за, 1 воздржан, 3 против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров, Предлогот на одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Струмица и Кочани да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

79 присутни пратеници, 52 гласале, 51 за, наме воздржан, 1 против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да се разгледаат Предлогот на одлуката за дополнвуање на Одлуката за избор на членови и нивни заменици, на Советот на Собранискиот канал, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на Комисиите на Собранието на Република Македонија. Потоа, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија и Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Повелете господнине Каме Петров имате збор.

**Каме Петров:** Благодарам почитуван претседателе. Исто така за оваа денешна седница на Собранието на Република Македонија, неговата Комисија за прашањата на изборите и именувањата, предлага дополнување на уште 4 нови точки во дневниот ред.

Според мое согледување, станува збор за персонални промени на некои работни тела на Собранието во Собранискиот канал, исто така на Собранието, како и во Комитетот за односите со заедниците.

Значи, станува збор за редовни рутински точки на дневниот ред, кои согласно итноста во Деловникот на Собранието на Република Македонија, молам да бидат ставени на усвојување на оваа седница на Собранието. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Комисијата, Предлогот на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 79 пратеници, гласале 49, 49 гласале за, нема воздржани, нама против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот за Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 79 пратеника, гласале 51 пратеник, 51 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот за Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам пратениците да ги притискаат копчињата, бидејќи сега гласале 47, а 79 се присутни. Може Предлогот да не помине.

Гласале 47, 44 за, нема воздржани, 3 против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Во повикувам да гласаме.

Присутни се 80 пратеници, 53 гласале, 51 гласале за, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Законодавно-правната Комисија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за автентично толкување начлен 66 од Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните.

Предлогот на автентично толкување ви е поделен.

Го молам претседателот на Законодавно-правната Комисија да ја образложи итноста предлогот на автентично толкување да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателот на Законодавно-правната Комисија.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Ивановска:** Ви благодарам господине претседателе.

Барам дневниот ред на оваа седница да се дополни со Барањето за автентично толкување,

затоа што сметам дека, ја образлагам итноста, затоа што е поднесена иницијатива од група граѓани за собирање на потписи. Ова автентично толкување е токму важно за оваа насока.

Барам, пратениците да гласаат за итноста.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на претседателот на Законодавно-правната комисија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

75 присутни, 56 гласале, 56 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Законодавно-правната комисија е усвоен.

Пратениците Андреј Жерновски, Роза Топузова - Каревска, Петар Апостолов, Благој Голомеов, Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Слободан Најдовски, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Нелко Стојаноски, Тома Глигориевски, предлагат по итна постапка на оваа седница да се донесе закон за дополнување на Законот за локална самоупрва.

Предлогот на пратениците ви е поделен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи оправданоста на овој закон да се донесе по итна постапка.

Кој е претставник на предлагачите?

Господине Жерновски, имате збор.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Сосема на кратко, согледувајќи ги актуелните состојби од досегашната примена, веќе помина една година од функционирањето на локалната самоуправа, констатирано е во одредени општини дека има огромно незадоволство не само од нефункционирањето на локалната самоуправа, особено од градоначалникот, туку би рекол и од односот на градоначалникот. Во овој момент јасно е дека мислам на општините Кисела Вода и Аеродром каде што 120 илјади жители на главниот град на Република Македонија, на Скопје, немаат право ниту можност да уживаат во локалната самоуправа а да не зборуват за процесот на децентрализацијата.

Се разбира, тоа е во овој момент, утре може да има незадоволсство од градоначалници и на ЛДП и на коалицијата итн. Тоа беше констатирано и од пресовите на другите опозициски партии дека се незадоволни од дел на градоначалниците. На крајот на краиштата сметаме дека градоначалникот треба да одговара за својата работа пред граѓаните кои живеат во соодветната локална самоуправа и од друго право е апсолутно јасно дека демократско право на граѓаните, доколку се незадоволни од работата на градоначалникот да можат и да го отповикаат. Ова не е ништо страшно ниту ново во Република Македонија. Само да потсетам дека такво решение имавме во претходниот закон за локална самоуправа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

75 присутни пратеници, 45 гласале, 42 гласале за, нема воздржани два против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Според тоа, за денешнава седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

2. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје;

3. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Струмица и Кочани;

4. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал;

5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на пртседателе, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија ;

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;

7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

8. Предлог на изборен законик;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон;

11. Предлог на закон за надворешни работи;

12. Предлог на автентично толкување на член 66 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните;

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

14. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

15. Предлог на закон за дополнување на Законот за локална самоуправа.

Дали има некој предлог за изменување односно дополнување на предложениот дневен ред?

Господине Иванов, повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Почитуван претседателе,

Прет три месеци јас замолив да ставиме точка на дневен ред за економските состојби, информација за економските состојби во Македонија. Тогаш вие предложивте дека ќе побараме информација од Владата и дека таа точка ќе се стави на една од наредните седници.

Владата, до ден денеска не подготви таква информација. Ниту мојот предлог како пратеник го почитува, ниту пак вашето писмо како претседател на овој највисок параламентарен дом не го уважува.

Молам, да се стави таа точка на дневен ред, па нека биде и последна да ја натераме Владата да нешто размислува и околу економските состојби во државава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Иванов,

Знаете дека без информација не можам да ставам точка на дневен ред, бидејќи по некој материјал треба да се дискутира. Вашиот апел го разбирам.

Ако Владата нема време, тогаш ве молам напишете ја вие таа информација, па предложете ја ќе ја ставиме на дневен ред.

Бидејќи нема повеќе пријавени во врска со претходното прашање и барање, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 75 присутни пратеници 66 гласале, 64 за, нема воздржани, двајца против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали има некој предлог за измена на редоследот?

Госпоѓо Којзеклиска, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Вие читавте, ама јас не успеав да слушнам која точка во дневниот ред се овие закони што беа предложени од пратеничката група на ВРМО Народна партија.

Затоа барам Законот за осигурување во случај на невработеност и Законот за пензиското и иналидското осигурување, односно предлозите и измените да бидат ставени пред изборниот законик, после одлуките од страна на Комисијата.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот е точките 13 и 14, како што ги прочитав, затоа бидете внимателни госпоѓо Којзеклиска, дневниот ред е составен во она што традиционално е пракса дека законите од пратениците одат на крај, значи предлогот точките 13 и 14 да бидат пред точката 8, после одлуките предложени од страна на Комисијата за избори и именувања.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

70 гласале, 26 за, 3 воздржани, 41 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Бидејќи нема други пријавени констатирам дека дневниот ред што го прочитав е тој по кој што ќе работиме. Нормално, во текот на расправата може и да се сменат точките во дневниот ред, според Деловникот.

**Минуваме на точката 1. - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 гласале, 61 за, нема воздржани 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 2. - Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 гласале, 60 за Одлуката, нема воздржани, 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 3. - Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Струмица и Кочани.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Господине Насуфи барате збор? Повелете.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседател.

Мислам дека земјата веќе е во фаза на реформи во судскиот систем, како што знае и целата јавност и парламентарците и другите, па разбирливо е што сите овие реформи се во функција на тоа да судството се направи независно, деполитизирано, професионално итн.

Сведоци сме на речиси сите седници се прават именувања и нови избори во судството. Мислам дека во оваа фаза, кога сме пред нови парламентарни избори, настојувањето на реформите е да се направи деполитизација и департизација на судството, од која што партизација и политизација имаме последици сите.

Затоа е упатно иако тука не се ниту предлагачите, ниту Судскиот совет, како претставници, упатно е

да се престане до избор на новиот Парламент, да се престане со именување и избори во оваа судска власт. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Насуфи,

Ова е Предлог на Комисијата за избори и именувања. Ако имате таму ваш претставник можевте тоа таму да го кажете, да не дојде предлогот овде. Во секој случај не е потребен РСС моментално, како претставници на оваа Одлука.

Значи, го ставам на гласање, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

72 присутни, 56 гласале, 49 за Одлуката, 3 воздржани, 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 4. - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

72 присутни, 59 гласале, 57 за Одлуката, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 5. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

70 присутни, 59 гласале, 55 за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 6. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

72 присутни, 57 гласале, 53 за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 7. - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи међу заедниците.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

72 присутни, 55 гласале, 51 за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на изборен законик.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 192-а по членот 192 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 7 став 3; член 18 став 2 алинеја 2 и на став 3; член 19 став 2; член 26 став 2; член 27 став 2 во втората реченица; член 29 за менување на став 1; член 31 став 2 точка 35 и на став 3; член 33 став 1 точка 85; член 34 став 3; член 35 став 1 за додавање нова реченица; член 68 став 1; член 140 став 3; член 194; член 195 и на член 196, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законотПратеникот Аднан Ќахил поднесе амандмани на член 65 за менување на став 5, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани поднесоа амандмани на член 4 за менување на став 2; член 34 став 3; член 40 за додавање нов став 5-а по ставот 5; член 165 ставови 1 и 2 и на член 192-а став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благородна Мингова - Крепиева, Цветанка Иванова, Ана Андова, Семијал Хасани -

Зибери, Соња Лепиткова, Лилјана Ивановска, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Наташа Биковска, Емилија Костадинова, Цветанка Гашоска, Славица Станковска, Селвије Салиу, Назлие Даути, Милка Митковска, Љупче Мешков, Иван Анастасовски и Роза Топузова - Каревска поднесоа амандман на член 64 став 5, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски поднесоа амандмани за бришење на зборот "постојано" и на зборовите "постојано место" во членовите 6, 27, 64 и во другите членови; член 18 став 2 алинеја 1; член 22 ставови 1 и 3; член 26 за менување на став 2, на став 3 и за додавање нов став 3-а по ставот 3; член 27 став 1 за менување на алинеја 2, алинеја 3, за бришење на став 4 и за додавање нов став 6-а по ставот 6; за бришење на член 29; член 31 став 2 алинеи 2, 6, 8, 17 и 45, за додавање нова алинеја 34-а по алинеја 34 и на став 3; член 34 ставови 2 и 3; на членовите 41, 42, 43 и 44; член 45 став 2; член 65 став 2; член 77 став 1; член 78 став 8; член 84; член 86; член 89 став 1 за додавање нова алинеја по алинеја 7; член 92 став 4; член 97 став 3; член 98 став 3; член 100 став 4; член 103 ставови 2 и 4; член 105 став 2; член 109 за додавање нов став 2-а по ставот 2; член 114 став 1 за заменување на местата на алинеите 2 и 3 и за додавање нова алинеја 1-а по алинеја 1; член 117 ставови 1, 4 и 5; член 118 став 4 и член 151 за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски поднесоа амандмани на член 18 став 1 за додавање нова алинеја 3; член 18 за менување на став 3; член 19 став 1; член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2; член 20; член 21 став 4; член 27 став 5; член 31 став 2 точка 3; член 31 став 2 за бришење на точка 19; член 31 став 2 за менување на точка 36; член 31 став 2 за додавање нова точка 39 по точка 38; член 31 за додавање нов став 5 по ставот 4; член 35 став 2; член 37 став 2 точка 2; член 39 став 3; член 40 став 2 точка 4; член 45 став 2; член 46 за додавање нов став 2 по ставот 1; член 47 за додавање нов став 2 по ставот 1; за додавање нов член 53-а по член 53; член 64 за менување на став 5; член 77 за бришење на став 3; член 81; член 83 став 1 за додавање три нови алинеи 7, 8 и 9 по алинеја 6; член 84 за додавање нов став 2 по ставот 1; за додавање нов член 113-а по членот 113; член 114 став 1 во воведната реченица; член 116 став 2; член 127 став 1; член 127 став 2; член 145 став 1; член 145 за бришење на став 2; член 148 за менување на став 1; член 148 за менување на став 2; член 148 за менување на став 3; член 148 за менување на став 4; член 148 за менување на став 5; член 148 за додавање нов став 6 по ставот 5; член 149 став 1; член 149 за менување на став 2; член 149 за менување на став 3; член 150 став 4; член 151 став 1 во воведната реченица; член 151 став 2; член 151 став 3; член 187 став 1 алинеја 1; за менување на член 192-а; за додавање нов член 192-б по членот 192-а и на член 193 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Апостоловски поднесе амандмани на член 7 став 2 за додавање нова алинеја по алинеја 5 и на став 3; член 31 став 2 точка 9; член 55 став 4; член 64 став 5; член 89 за додавање нова алинеја по алинеја 6; член 94 за додавање нов став 3-а по ставот 3; член 102 став 1; член 102 за додавање нов став 1-а по ставот 1; член 102 став 3; член 110 став 1 и на член 114 став 1 за додавање нова алинеја по алинеја 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Жарко Караџоски и Марија Којзеклиска поднесоа амандмани на член 192-а став 2; член 192-а за менување на став 5 и на член 192-а за менување на став 6, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов поднесе амандман на член 64 за бришење на став 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Блаже Стојановски поднесе амандман за бришење на член 192-а, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова и Борис Кондарко поднесоа амандмани на член 24 и на член 161 став 1 за менување на алинеја 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Андреј Жерновски, Роза Топузова-Каревска, Петар Апостолов, Благој Голомеев, Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Слободан Најдовски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Нелко Стојановски и Тома Глигориевски поднесоа амандман на член 158 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдилаќим Адеми поднесоа амандмани на член 26 за менување на став 1; член 26 за менување на став 2; член 27 став 5 и на член 28 став 1; член 31 став 4; член 69 став 2; член 45 став 2; член 58 за менување на став 2 и на член 58 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесоа амандмани на член 64 став 5 и член 99 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на став 2, поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓеорѓиевска:** Претсдателе, јас сакав општо да се осврнам на ...

**Љупчо Јордановски:** Текст на законот е. Тоа не е општ претрес. Повелете изјаснете се по амандманот.

**Мери Млаедновска-Ѓеорѓиеска:** Амандманот се одбива.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски процедурално? Повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, навистина не знам од кои причини ги водите седниците како што ги водите. За некој закон постои одредба, сега како што кажавте, текст на законот е, преминуваме на амандманите.

Само да ве потсетам, кога беше Законот за тутун, исто така беше Предлог на закон и на инсистирање на министерот за земјоделие, му дозволивте да даде уводно излагање. Да, му дадовте уводно излагање после кое ви се обрати на албански јазик, а вие не разбравте, после некој требаше да ви преведува. Потсетете се за која седница зборувам. Така беше. Ако треба ќе ги побараме и стенографските белешки. Не мрдајте со глава, сигурен сум и убеден. Според тоа ако еднаш сте го прекршиле, не ја гледам логиката зошто сега министерот односно претставникот на Владата да не даде образложение, со оглед на тоа што веќе еднаш сте воспоставиле таква пракса и со оглед на тоа каков закон ни претстои. Ако мислите дека со тоа што ќе и скратите на Владата да се произнесе односно да го искаже ставот и да го каже она што го има, дека со тоа ќе ја забрзате седницата, гадно се лажете. Немојте уште од почеток да оневозможувате да се одвива една нормална расправа. Дајде на министерот да даде уводно излагање и да работиме како што треба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, јас одам по Деловникот и мислам дека тогаш, во врска со министерот за земјоделие, јас сум го прекршил деловникот.

Но, сакам исто така да ве потсетам, вие еднаш побаравте еден час пауза, не знам сега конкретно по кој закон беше, за да има исто така општа расправа пред Предлогот за закон и нормално после еден час пауза вие, сепак констатиравте дека ќе идете по деловникот и продолживме онака како што продолживме.

Вие имате член во Деловникот, бидејќи мислам тоа минатиот пат за Декларацијата на господинот Андов се предложи, по која може да се води општа расправа потоа.

Бидејќи имате вие желба, а бидејќи и министерот сака да каже некои општи начела, јас сепак ќе ја уважам вашата молба и ќе покажам моја добра волја.

Повелете госпоѓо министер имате збор.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Се откажувам пртседателе.

**Љупчо Јордановски:** Не, не. Повелете.

Господине Чашуле, процедурално?

**Слободан Чашуле:** Господине претседателе и госпоѓо министер.

Овој закон го носиме за да положиме европски стандарди...

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле процедурално.

**Слободан Чашуле:** Еве ја процедуралната забелешка.

Во вонпарламентарна процедура се измени клучен член на овој закон во кој владиниот предлог со уцена е сведен на партиски пазар.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Не е тоа процедурално. Тоа можете вие со амандмани да го поправите.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Претседтеле, јас би ве замолил вие да не ги предвидувате зборовите и да мислите на нас и на министерот што ќе каже, ако се јави. Министерот е пртставник на Владата, на предлагачот. Тој има право од отпочнувањето на расправата па се до завршувањето на расправата по одреден закон, да се произнесе по тој закон и евентуално да го повлече. Вие не и дадовте збор на министерката. Од каде да знаеме дека нема да го повлече законот.

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски има во тоа вистина, но јас сепак продолжив со деловничката работа, како што сега работевме, ја услужив вашата молба. Министерот се повлече. Повелете.

**Чедомир Краљевски:** Ова ме наведува на мисла дека вие и претставникот на Владата однапред имате договорено некакво сценарио, како да се одвива денешниот тек на седницата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски, долго време ме познавате. Јас автотоно ја водам мојата седница, велам моја, бидејќи сум претседател и со никого однапред не се договарам, а најмалку со Владата, бидејќи сметам дека Парламентот треба да биде независен.

**Чедомир Краљевски:** Ако министерката не се предомисли да даде образложение, тогаш барам еден час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Еден час пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,30 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Молам пратениците да влезат во салата.

Има збор пратеникот Блаже Стојановски процедурално.

**Блаже Стојановски:** Јас морам процедурално да интервенирам. Мојата процедурална интервенција ќе биде насочена кон Министерството за правда, кое што е претставник на Владата како предлагач на овој изборен законик.

Значи, имам две процедурални интервенции.

Прво, барам сега од страна на заменикот на министерот за правда, затоа што замина министерката за правда да даде образложение дали овој изборен законик ќе претставува изборен законик за сите идни избори, затоа што само во

тој случај можеме да сметаме дека ќе разгледуваме законик во втора фаза, затоа што во првичниот предлог за донесување на закон, кога имавме општа расправа по овој закон, зборувавме за законик кој што требаше да важи за сите наредни избори, а не за два законици во кои што едни решенија треба да има за сите наредни избори, меѓутоа едни други посебни од нив, различни да бидат за првите наредни парламентарни избори. Значи, за што разговараме?

Ако разговараме за закон кој што се однесува само на првите парламентарни избори тогаш да ја разјасниме оваа ситуација и дали ќе разговараме само по текстот на тој закон, или ќе разговараме за текстот на два закони, еден за сите избори и еден за првите наредни парламентарни избори, затоа што такви се решенијата во законот кој што е понуден пред овој Парламент. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Процедуралната забелешка не е процедура, бидејќи никаква процедура не е повредена. Ве молам седнете си на место и да се сослушаме.

Сега имате предлог на закон, знаете по Предлогот на законот се почнува со расправа по амандманите. Право е на претставникот на Владата да се вклучи во расправата по одредени амандмани и тие одлучуваат дали ќе се вклучат или не. Така да забелешката воопшто не е процедурална и продолжуваме понатаму со работа.

Процедурално има збор господинот Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Почитуван потпретседателе дали ние сме овде Парламент кој што ќе треба да расправа за некакви идни закони кои влегуваат во надлежност на некој иден Парламент. Зошто ние треба да донесуваме сега закон кој би требало по логиката на нешатата да го расправа следниот состав на Парламентот. Ние сега би требало да расправаме по оној закон кој што не чека, оној законски текст да го расправаме кој што не чека на првите парламентарни избори.

**Слободан Најдовски:** Господине Краљевски да разјасниме.

По законот се е предвидено со членови. Поднесете си амандмани, по амандмани ќе расправаме. Ова е втора фаза на законот, тоа е предлог на изборен законик и се што сметате дека не е исправно ќе го решиме со амандманите што ќе бидат поднесени.

Тука прекинуваме со процедуралните . . .

Повелете господине Стојановски процедурално уште еднаш, иако не се процедурални забелешките.

**Блаже Стојановски:** Ако е потребно можам да го наведам и членот од Деловникот. . .

**Слободан Најдовски:** Наведете го според кој член барате процедурално.

**Блаже Стојановски:** Законите кои што се носат во две фази во првата фаза се утврдува потребата од донесување на закон. Значи потребата од донесување на изборен законик за кое што ние расправавме овде во првата фаза. Тоа се однесуваше на кодификација на изборното законодавство за сите изборни циклуси во Република Македонија, и за парламентарни и за претседателски, и за локални избори и за референдуми. Ние сега имаме законик во кој што имаме решенија за сите избори со тоа што за првите наредни парламентарни избори имаме сосема други решенија. Значи, не зборуваме за втората фаза од истиот законик, туку зборуваме за сосема нов приод кој што не соодвествува на барањето за кодификација на целокупното изборно законодавство во Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Сега да не се надмудруваме. Ќе ви го прочитам членот, работиме според член 160 од Деловникот и немаме никаква потреба на процедурата.

Продолжуваме да работиме согласно Деловникот.

Повелете господине Оровчанец.

Ќе ве молам не влегувајте во расправа, цитирајте според кој член на Деловникот е повредена процедурата за така да расправаме.

Има збор процедурално господинот Оровчанец и со тоа завршуваме со процедураните.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине потпретседателе, не можеме да зборуваме за расправа или нешто друго. Зборуваме за процедура. Процедурата е следна.

Ние имаме сега еден текст на закон, па имаме амандман. Практично ако разговараме за амандманот на Владата ние имаме сосема друг законски приод. Со други зборови суштински го менува законикот. Според тоа со тој законик ова треба да биде прва фаза. Мислам дека и на вас тоа ви е јасно.

Второ, кога веќе е направена таа работа ред би било Владата да донесе некое законско решение кое ќе го достави до Парламентот и до пратениците. Во меѓувреме Владата се предомисли. Владата треба да излезе овде и јасно, гласно да каже зошто се предомисли? Зошто за овие избори ќе важи ова правило, а за следниоте 100 години ќе имаме друго правило кое е демократско. Што значи дека ова што го имаме и сега е уште подемократско правило.

Трета работа што ја забележувам е дека Владата односно министерот или конкретно заменик министерот може и да не учествува. Не да не учествува, туку мора да се изјаснува за секој амандман господине потпретседателе. Тој може да не објаснува, меѓутоа и тоа како мора да се изјасни за тие работи.

Мислам дека целата работа ја свртевме наопаку затоа што имаме ние практично два законика денес на расправа, вие одлучетесе за кој ќе расправаме.

**Слободан Најдовски:** Во ред господине Оровчанец.

Нема да продолжам да се надмудруваме, да работиме согласно Деловникот. Вие знаете кога се усвојува предлогот за донесување на закон тогаш се кажува дека предлагачот ги прифаќа сите укажувања, забелешки од расправите и нивно право е што одлучуваат и каков предлог на закон ќе ни предложат.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на став 2 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа. **Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Молам дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Блаже Стојановски:

**Блаже Стојановски:** Јас се надевам дека дигнитетот на Парламентот зависи од односот кој што го има Владата спрема Парламентот, затоа што сведувањето на нашата расправа само на текст кој што е доставен од страна на Владата до овој Парламент апсолутно нема да не доведе во ситуација да зборуваме за законодавен дом за Собранието на Република Македонија.

Што сакам да кажам? Сакам да кажам дека ние немаме никакво образложение за решенијата кои што се донесени во овој законик во втора фаза посебно кога се работи за со еден амандман да се менува целиот концепт кој што беше прифатен и бранет цело време од страна на Владата.

Ако образложението е ние се договоривме со ВМРО-ДПМНЕ да има таков закон тогаш нека кажат јавно дека се договориле СДСМ, ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ за овој закон и нека не не замараат со образложение од типот ова е проевропски закон, ние не сме балканци, туку сме европејци итн. Нека се каже дека ова претставува чист пазар кој што директно ги нарушува основните демократски принципи за еден закон кој што треба да не одведе со стандардите кон земјите членки на Европската Унија.

Затоа барам уште еднаш како пратеник од страна на Министерството за правда да го образложи амандманот кој што го менува концептот на овој закон, а и другите решенија кои што се однесуваат на нарушувањето на препораките на ОБСЕ, односно на набљудувачката мисија од ОБСЕ од ИХР а кои што се однесуваат на статусот на Државната изборна комисија особено во функција на второстепеност на постапката на првостепен орган при одлучување по жалби и по однос на нејзината улога да разрешува членови и други функции или надлежности кои што и беа дадени согласно првичниот текст на законот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

За тоа ќе раправаме кога ќе дојде тој амандман.

Повелете господине Караџоски процедурално, а госпоѓата Грковска бара збор за реплика, но прво процедурално господинот Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Ние расправаме процедурално затоа што вие веќе отворивте расправа по амандманот. Ние не можеме да прифатиме една таква расправа по текст односно по амандмани додека не расчистиме една работа.

Таа работа е она што сега колегите го кажуваа, па ќе се потрудам и јас на некој начин да придонесам со својата дискусија. . .

**Слободан Најдовски:** Ве молам господине Караџоски, кажете во што е проблемот.

**Жарко Караџоски:** Повредата е во процедурата

**Слободан Најдовски:**Не влегувајте во материјална расправа, ве молам ајде да се сослушаме.

Во што е повредена процедурата?

**Жарко Караџоски:** Нашето барање е Предлогот на законот да се разгледува во прва фаза. Тоа е процедурата, а сега да објаснам зошто е тоа така.

Изборниот законик ние го гледавме во прва фаза со тие членови такви какви што беа, без да имаме суштински амандман, кој што го поднесе Владата, тоа е амандманот 192-а.

Сега да ве прашам и вас како пратеник и сите овде како пратеници зошто ние расправавме во првата фаза по однос на она што ни беше понудено како решение, зошто имавме јавна дебата, зошто се произнесуваа експерти во однос на департизација на избирачките органи и буквално зошто сите во Република Македонија го поддржаа тој концепт кога Владата три дена пред самиот текст на закон да дојде во Собранието суштински го менува со тоа што врати некои решенија кои немаат блага врска со основниот концепт на законот.

**Слободан Најдовски:** Ве молам господине Караџоски, повеќе немате процедурална забелешка, влегувате во расправа.

**Жарко Караџоски:** Ставете го предлогот на гласање.

**Слободан Најдовски:** Не, не, немате ништо предложено.

**Жарко Караџоски:** Предложивме законот да не се гледа во предлог. . .

**Слободан Најдовски:** Па не може сега да биде предлог за донесување на закон. Прочитајте го Деловникот, си имате процедура. Започната е раправата, ве молам, по амандманите.

(реагирање на пратениците од место- не е започната)

Како не е започната, следете малку, започната е расправата по амандманите.

(реагирање на пратениците од место)

па, вие кога бевте излезени господине Караџоски отпочната е расправата по амандманот. Претставникот на Владата се изјасни дека тој амандман не го прифаќа.

Отворив расправа по амандманот.

(и понатаму реагирање на пратениците од место)

Ве молам, не дозволувам повеќе процедурално по однос на ова прашање. Отворена е расправа по амандманот.

Ве молам кој сака само по амандманот да се дискутира, може да се јави кога ќе ви дојде редоследот.

Госпоѓа Грковска имаше реплика на дискусијата на господинот Блаже Стојановски.

(и понатаму реагирање на пратениците-имаме прелог)

Немате предлог, доставете како што треба предлог.

(и понатаму реагирање на пратениците )

Господинот Краљевски има збор процедурално.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Значи нема да ги повторувам претходно кажувањата што ги кажаа моите колеги и јас.

Јас ќе предложам конкретен предлог.

Со оглед дека сега имаме состојба кога се расправа за два закони, едниот закон се расправа во втора фаза, едниот закон се расправа во прва фаза.

Обидот да се вметне членот 192-а, од прва фаза експресно во втора фаза да го прекинеме, да се повлече законот сега што го расправаме и да расправаме само за членот 192-а, во прва фаза, па кога ќе се заврши првата фаза тогаш заедно нека дојдат двата закони во втора фаза.

**Слободан Најдовски:** Да не се разјаснуваме повеќе.

Ве молам, точката за која што расправаме е отворена како предлог на изборен законик. Отворен е претрес по текстот на Предлогот на законот. Ја започнавме расправата по амандманите. Што сега не ви е јасно?

(реагирање на пратениците од место)

Па, како не ви е јасно. Која точка ние ја започнавме.

Молам околу тоа завршуваме.

Продолжуваме со амандманот.

(и понатаму реагирање на пратениците од место)

Вие не можете сега за предлог на донесување на закон да предложите.

Продолжуваме со расправа по амандманот.

(реагирање од страна на господинот Чедомир Краљевски и други пратеници.)

Госпоѓице Грковска барате ли реплика, или се повлекувате, заради тоа што баравте збор за реплика.

(госпоѓицата Грковска се откажува од реплика)

Продолжуваме со расправа по амандманот.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

Повелете господине Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Благодарам господине потпретседателе.

Со овој амандман ние интервенираме во членот 4 од изборниот законик, став 2. Во суштина сакаме да бидеме начелни и принципиелни до крај за нашиот став кој го имаме во продолжение во врска со сите дебати, расправи, дискусии, интервенции кои се направија во однос на изборниот законик.

Ние и понатаму мислиме дека изборниот модел требаше да се измени овој пат и треба да оди со една изборна единица.

Зошто мислиме дека треба да одиме со една изборна единица со пропорционалниот модел.

Бидејќи надлежностите сега се нагласени во општините заедно со ингеренциите кои ги поседуваат сакаме на еден начин пратеникот да не ја игра улогата на т.н. делегат, туку да биде пратеник на сите граѓани односно народен пратеник.

И да го заслужи ова тогаш би било сходно пратениците да се избираат со една изборна единица, каде ќе им се даде можност на сите граѓани од сите делови на Република Македонија да се определат за нивната политичка опција, за политичката партија и за кандидато кој ќе се кандидира за пратеник.

Ова на еден начин на пратеникот му дава поголем легитимитет, повеќе смисла и го дели дефинитивно од една функција која досега можеби често пати се практикуваше, значи пратеникот да игра улога на еден делегат. Затоа за да го ефектира гласот во сите делови на Република Македонија ние предлагаме овој изборен модел да се практикува иако сега знаеме дека по консензусот односно спогодбата не знаеме колку ќе има ефект ова и колку ќе се размислува околу овој амандман, но ние сме длабоко убедени дека ова би бил еден подобар изборен модел доколку се прифати навреме нашата сугестија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рамадани.

Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Имам еден деловнички предлог, согласно член 79 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, каде се вели дека седницата може да се прекине кога за тоа ќе одлучи Собранието по предлог на претседателот на Собраниеот, што очигледно го немаме во овој момент, пратеничка група или 10 пратеници. Во име на пратеничката група на ВМРО-Народна партија го поднесувам овој предлог или 10 пратеници ако сакате можат да дадат подршка, со цел да се одржи седница на Законодавно-правната комисија за разгледување на предлогот кој го дадов на оваа седница,

поднесен на оваа седница, а тоа е бидејки овој закон суштински се разликува од првичниот Предлог за донесување изборен законик, за овој закон да даде свое мислење во однос на прашањето дали ова треба да се разгледува прво во прва фаза на оваа седница, а потоа во втора фаза. Предлагам ова да го ставите на гласање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Бидејќи Законодавно-правната комисија еднаш се изјаснила, предлагате седницата да се прекине и Законодавно-правната комисија да има седница, па да даде мислење во однос на предлогот.

Молам, дали има подршка од 10 пратеници?

Има подршка од 10 пратеници.

Предлогот на господинот Блаже Стојановски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници за да можеме да видиме дали гласањето е валидно.

Во моментот на гласање присутни биле 62 пратеника, гласале 48 пратеници, 14 за, нема воздржани и 34 против.

Предлогот на господинот Блаже Стојановски да се прекине седницата и Законодавно-правната комисија да се изјасни во однос на тоа дали е предлог на закон не е усвоен.

Продолжуваме понатаму со работа по амандманот.

(Реакција на пратеникот Блаже Стојановски со зборовите "не беше таков предлогот")

Така сте го формулирале. Кажете го исправно како што треба, доволно се паметни пратениците.

(Повторно реакции од пратеници)

Ајде, ќе ве оставам да се изнаразвикате прво, па потоа ќе продолжиме. Викајте само.

Може ли да дозволите да продолжиме да работиме?

Продолжуваме понатаму со работа по амандманот.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Бидејќи координаторот на пратеничката група на ВМРО-Народна партија сака да земе збор, принципиелно е да му отстапам место. Притоа ќе се повлечам од говорницава додека заврши, па ќе се вратам на говорницава да продолжам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам да го искажам својот став во однос на овој амандман. Сметам дека овој амандман не треба да се прифати заради тоа што не одговара во суштина на ситуацијата во Македонија, со оглед на тоа што се покажа дека реално е постоењето на шест изборни единици заради карактерот на секоја изборна единица одделно и не можам да се согласам дека тоа го намалува легитимитетот на пратениците. Напротив, секој пратеник добива легитимитет од својата изборна единица и од местото од каде што е предложен.

Сакам да укажам дека во суштина би требало да ги разгледуваме амандманите суштински и да дискутираме по нив, а не да се обидуваме зад предлозите со амандманите практички да ја одолговлекуваме расправата, која по секоја цена сака некоја политичка партија да ја направи и по секоја цена да направи одолговлечување на почетокот на расправата по овој исклучително важен закон, за кој што сите велиме дека треба да се донесе во интерес на Република Македонија, во интерес на спроведување на фер и демократски избори.

Затоа, апелирам да се продолжи амандманската расправа со сериозна аргументација за секој амандман, а неспособноста и неодговорноста на опозицијата да не се префрла и да не се трансферира на работата на Собранието. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

Повелете господине Флоровски.

Само да ве известам дека пауза ќе правиме во 14,00 часот.

**Александар Флоровски:** Благодарам.

Потпретседателе, во старт работите некако не ни тргнаа како треба и сметам дека по едно вакво многу битно прашање, како што е изборниот законик, треба да се слушне гласот на сите нас присутни овде, затоа што донесуваме решенија кои Македонија треба да ја водат во Европа, треба да ја водат и во НАТО. Да парафразирам, она што го говори актуелниот премиер господинот Бучковски, треба да направиме скандинавски, подобро кажано европски избори. Во таа функција се нашите забелешки, и процедуралните забелешки, и сето она што ќе го говориме треба да се свати само во една функција: во функција на штоподобар изборен законик се со една цел утре било кој од европските емисари кои ќе дојдат овде да ни кажат господа, вие како Македонски парламент, како Влада на Република Македонија, како чинители на сеопштиот политички живот во Република Македонија не сте способни да направите ни демократски избори, а камоли да се стремите кон Европската унија и НАТО алијансата. Во таа смисла, ќе говориме и за амандманот господа, не се жештите, полека, имаме време, 5, 10, 15 дена се во име на демократијата и во функција на носење на квалитетен изборен законик.

Што се однесува до амандманот предложен од двајца пратеника, од господата од ПДП Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани, амандманот 1, тој гласи вака. Да го прочитам, бидејќи можеби некој не го прочитал. Во членот 4

ставот 2 се менува и гласи: "Во Собранието на РМ, поточно Република Македонија се избираат 120 пратеника", а можеби и 140 во иднина ако се направи некој политички пазар или етнички клуч. Пратениците се избираат според пропорционалниот модел, што на територијата на Република Македонија треба да биде една изборна единица. Образложението е следно: изборнио тмодел со една изборна единица на целата територија на Република Македонија е поефикасен и функцијата пратеник добива една поширока смисла и легитимитет. Тука има точка. Јас тука би ставил знак на прашалник. Зошто ова го велам и ќе ставам знак на прашалник?

Прво, од господинот заменик министер не е коректно по вакво битно прашање да одговара со прифаќа и не се прифаќа. Бараме квалитетни образложенија зошто нешто ќе се прифати, зошто нешто нема да прифати, за да можеме соодветно да парираме, контрираме или да го прифатиме она што значи негово образложение. Работите во принцип стојат вака. Што е позадината на овој амандман? Јас како го ценам? Го ценам на следниот начин:

Тоа значи фаворизирање на еден ентитет во Македонија поточно албанскиот. Кога ќе се земат на куп албанските гласови, ќе имаме една сосема друга ситуација. Имајќи ја предвид инертноста на македонското гласачко тело, говорам за етничките македонци, ќе имаме една сосема друга ситуација и поентата на овој амандман е повеќе од јасна. Но бидејќи во политиката постои политички пазар, јас не сум им воопшто крив на господата предлагачи на овој амандман на членот 4 ставот 2, како што во конкретниот случај се испазарија господата од ВМРО-ДПМНЕ кои ги нема овде, а вие господа од СДСМ паднавте под притисоците на една политичка партија, а таа политичка партија денес ја презема улогата и си се припишува себе си како единствен претставник на опозицијата, при тоа имајќи 5, 6, 7, 8, 9, не знам колку пратеника, а ние 13 пратеника од ВМРО-Народна партија не знам веќе кого претставуваме.

Потпретседателе, тука ќе прекинам. Многу имам да говорам потпретседателе, ова е многу битен амандман. Што се однесува до македонското гласачко тело, јас повторно ќе се вратам на амандманот.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, ако завршувате за 5 минути, ќе продолжиме.

**Александар Флоровски:** Не, ќе зборувам подолго, не само 5 минути.

**Слободан Најдовски:** Објавувам пауза до 15,00 часот и тогаш ќе продолжиме со дискусијата на господинот Флоровски.

(Пауза од 14,00 часот ).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,01 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.Прв за дискусија е пријавен господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Добро, јас да продолжам таму каде застанав и попатно да го прашам господинот потпретседател колку да бидеме сите ние информирани, денеска е Младенци, потпретседателе, која ви е намерата, дали ќе работиме до 17,00 или до 18,00 часот, за да се знае, да можеме да договориме темпо на настап со моите колеги од ВМРО-Народна партија. Вчера набрзина бевме превеслани од претседателот на Парламентот, ја прекина седницата по една многу битна точка околу ЕСМ и нејзината приватизација, така што сакаме да знаеме до колку мислите денеска да работиме, имајќи го предвид она што го спомнав дека денеска е Младенци, не е државенпразник, но е востановен кај нас да отидеме таму каде што сме поканети да укажеме чест.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски само да ви кажам ќе работиме, согласно Деловникот, онака како што е Деловникот така што работата е до 18,00 часот, но тоа не значи дека во секое време претседателот или потпретседателот кој раководи со седницата не може да ја прекине. Ќе работиме до 18,00 часот.

**Александар Флоровски:** Ова го говорам само во една смисла, треба да се биде коректен и да знаеме ние како пратеници до кога е терминот, инаку апсолутно е ваше право и право на претседателот дали ќе продолжи или не, затоа што вчера бевме прекинати по едно многу битно прашање, поточно јас бев прекинат, но тоа е веќе помината работа, ќе продолжам таму каде што застанав.

За жал, двајцата предлагачи денеска не ги гледам тука, а многу од прашањата во врска со амандманот 1 на членот 4 став 2, претпоставувам дека ќе можат да ми одговорат на некои прашања, но што е тоа е, не можам да изменам, можеби во меѓувреме ќе дојдат и ќе продолжам таму каде прекинав.

Значи, работите стојат вака.

Во самото образложение од овој амандман стои дека изборниот модел во една изборна единица дава поширок и поголем легитимитет на пратениците, што апсолутно не се согласувам затоа што одејќи по таа логика на нештата излегува дека овој Парламент кој е избран на пропорционален модел во шест изборни единици за кои и јас се залагам е нелегитимен. Притоа имајќи во предвид дека секој од овде присутен пратеник минимум добиле 8-9 илјади гласови, за да претставуваат одредено гласачко тело и тие се тука присутни, партиципираат, расправаме и ќе расправаме до новите избори. Мислам дека принципот и она што е инкорпорирано во самиот закон, вградено или напишано, дека Македонија мора да опстои со шест изборни единици, апсолутно како политичка партија стоиме зад тоа, говорам за ВМРО-Народна партија и јас како дел од таа политичка партија и претставник на една поголема гласачка групација.

Значи, апсолутно го имаме легитимитетот овде да говориме за сето она што е битно од интерес на

државата, од интерес на политичките партии, но пред се во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Самото образложение не можам да го прифатам како такво затоа што ќе се создаде еден галиматијас за кој претходно говорев, да се мајоризира мнозинскиот народ, да се става во една лоша позиција, а да се фаворизира одредена етничка група која е малубројна и процентуално изразена како што е изразена. Но, позадината на овој амандман е интересна, јас овие амандмани во принцип ги нарекувам или синоним за ваквите амандмани се "кукавички јајца" или андерграунд, подземни амандмани каде на мала врата ќе се проба нешто да се протурка, притоа дали ќе се успее во таа работа или не, не е битно, битно е да се проба.

Или, поаѓајќи од она што го воспостави Кубертен на првите понови Олимписки игри "важно е да се учествува" во таа смисла спомнав дека треба да се проба, па ако помине-помине, ако не помине-не помине и тн.

Но, морам да кажам дека нашата Влада мудро и виспрено веднаш ја сфати опасноста од ваквиот амандман и реагираше беспрекорно, значи овој амандман не помина, што би рекла Долорес Ибарури-Лапасионарија-но пасаран, значи не проаѓа или по онаа Титовата славна "Прозор мора ноќас пасти". Значи, веднаш на старт го одбивте, ја сфативте опасноста по демократијата во Македонија, тоа е добро, значи во Министерството за правда седат умни, мудри, виспрени луѓе кои веднаш сфатија од каде доаѓа опасноста, од каде дува ветерот.

Кога говориме за концепти по првата фаза во функција на овој амандман имавме две различни гледишта. Едното гледиште беше дека Македонија мора да оди по моделот на пропорционален систем со шест изборни единици, второто гледиште беше дека Македонија мора да оди на мнозински изборен систем презентирано од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, но листајќи ги тие 111 амандмани кои денеска ги имаме на маса, јас, за жал, не видов ни едно такво решение.

Сега се прашувам зошто ни се случуваат дисонантни тонови и преку ноќ промена на ставовите од едноставна причина, затоа што, господа, претседателот на СДСМ и актуелен премиер господинот Бучковски и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Груевски успеаа да се договорат притоа елиминирајќи ги сите опозициони партии што значи во практика дека ни една од нашите заложби, вие господа од Министерството за правда, вам ви се обраќам, не најдовте за сходно да прифатите ни едно наше квалитетно решение, она што значи неквалитет ќе се отфрли, јас верувам дека многу од решенијата кои ги нудиме се добри, но договорот си е договор, притоа господинот Бучковски го убедија дека ВМРО-ДПМНЕ е единствената опозициона партија, а дека ние останатите сме мачкина кашлица и дека 13 пратеника на ВМРО-Народна партија и не знам уште колку да ги набројам сме никој и ништо и не претставуваме никого. Притоа земајќи си за право да се претставуваат како единствена опозициона партија во овие парламентарни редови, користејќи ги атрибутите најголема, најјака, со најголем рејтинг и тн. притоа користејќи максимално она што значи медиумска пропаганда. Сто пати кажана лага сто и првиот пат станува вистина. Изборите се тие кои ќе кажат кој колку тежи, кој колку има специфична тежина и кој колку може да одработи и со каков капацитет.

Овој амандман за мене и за мојата пратеничка група е неприфатлив, впрочем и за Владата е неприфатлив, но господа, многу лошо делува кога со една реченица од прва не прифаќате нешто. Тоа мора да има подлабок израз зошто се отфрла амандманот, сакам да знам зошто го отфрлате амандманот, можеби е добар од ваш аспект, можеби ќе прифатам ваши стручни мислења, ние сите тука на некој начин припаѓаме на политички партии, но факт е дека ние сме субјекти, личности кои размислуваме со сопствена глава, не прифаќаме се бегло како ќе нареди централата. Има работи кои некој не сака да ги прифати или имаме сосема поинакви гледишта. Во таа смисла побарав ваше размислување зошто овој амандман не се прифаќа. Многу ми е жал што господата кои го предложија овој амандман не се тука за да влеземе во една демократска полемика и да расправаме за она што е од суштинско значење.

Македонија не може да биде една изборна единица, Македонија ќе оди т.е. гласачите или граѓаните на Република Македонија ќе одат на гласање во шест различни изборни единици, секоја изборна единица брои некаде од 280-290 илјади гласови, притоа списокот на луѓето морате да го скратите и да дадете вистински приказ колку се тие затоа што имаме една бројка, една широка лепеза од 150-200 илјади недефинирани гласови господине Субхи Јакупи, значи ќе мораме да имаме и пречистен список се во функција на демократските избори кои треба да се спроведат во Република Македонија. Ова не е смешно, ова е тест, ова е испит, не пред нас, туку пред тие кои секојдневно ви доаѓаат, а ние ги следиме преку медиумите како ни држат лекции дека овој пат господа ако не успеете ви пропаѓаат сите шанси т.е. го прекинуваме мостот преку кој треба да поминете за да стигнете до капијата или турски кажано до капиџикот да го отворите. Значи, ние уште не го поминавме мостот.

За да имаме едни такви избори потребно е соработка на сите политички субјекти, потребна е добра волја на сите политички субјекти, потребен е мир на самиот терен, а гледајќи ги работите како се одвиваат, за жал, можам да констатирам дека немам впечаток дека работите ќе поминат во таква атмосфера која сите ние ја прижелкуваме, а прижелкуваме сите ние да помине мирно, па во контекст на овој амандман да помине мирно и еднаш засекогаш да зачекориме на тој фамозен

мост кој не носи во предворјето на Европската унија која сеуште не ја гледаме, многу е далеку.

Ова го говорам за да не ме обвините дека еве ние порадикалните пратеници настапуваме, да не кажам грубо, безобразно, вака или онака, настапуваме конструктивно се со една цел да се донесе еден квалитетен изборен законик кој нема да трпи измени следните четири или пет мандати, затоа што има некоја нелогичност кај нас во државата и во изминатите 15-16 години ако не секои избори, секои втори избори носиме некои нови законски решенија логични или нелогични. Уставот на САД е стар 230-240 години, дали има 10-20 амандмани променето, кај нас носиме закон, носиме одредени решенија кои после два или три месеци ги менуваме, тоа е лоша практика.

Наравоучение од сето ова што го говорам е следното: дека темелно треба да ги сослушате, да ги разгледате сите Предлог-амандмани од сите пратеници, од сите пратенички групи и да донесете суд. Вие сте тие кои како егзекутива давате пасфорд да помине одреден амандман. Значи, се работи за добра волја, за позитивна енергија да се донесе квалитетно законско решение, а не со овој закон со сите измени ќе помине и со сите амандмани кои ќе бидат прифатени или нема да бидат прифатени, вклучително и со овој, на следните избори излеземе со некој нов изборен законик од некоја нова идна влада. Тоа е лошо, затоа бараме работите да се дефинираат многу јасно, многу прецизно, многу логично и она што значи клима во Република Македонија да биде инкорпорирана во овој законик, вклучително и овој амандман. Нешто мислел предлагачот со овој амандман, не е даден туку така, а вие бегло го отфрлате, што не е добро. Значи јас немам право да барам господине Јакупи од вас одговор затоа што не сум предлагач, но кога ќе дојдат амандманите на ВМРО-Народна партија каде сум јас потписник, јас отворено ви кажувм дека ќе ве прашам зошто вие гоотфрлате тој амандман, а вие како заменик министер во Министерството за правда треба да ми одговорите зошто го отфрлате тој амандман. Значи, мора да има некоја причина.

Работата испаѓа криво седи право суди за да не испаѓа така треба право да се седи и право да се суди за сето она што овде го говориме.

Амандманот не само што е "кукавичко јајце", барем од мој аспект, туку при една готова работа веќе завршена и однапред дефинирана кои амандмани ќе се прифатат, а кои ќе се одбијат, се плашам дека нашиот напор и труд кој го вложивме овде со предлагање на стотици амандмани однапред е решена судбината на тие амандмани.

Значи, господине Јакупи вие направивте политички дил и однапред го имате решението притоа нашиот напор, за жал, ќе падне во вода.

За жал, господинот Бучковски падна под притисоците на тн. најголема опозициона партија, договориле што договориле, на ситени е јасно и можеби деновиве ќе биде јавно презентирано, но притоа не можам да се оттргнам од впечатокот дека ние останатите опозициони партии сме фрлени на маргините што е лошо господа од Министерството за правда, си правите интересен муабет, значи не не есапите ич, или си играте игри на мобилни телефони, ве молам, вие сте гости кај нас не сме ние во вашето Министерство. Значи, да расчистиме некои работи, сослушајте не со должна почит макар и погрешно да зборуваме, макар и да грешиме, вие сте правници, еминентни луѓе, луѓе кои ја познаваат правната проблематика (реакција од место од страна на пратениците), не, тие мислат дека не грешат, но јас мислам дека грешат, но човек кога е убеден дека не греши и само така ќе мисли, тоа се големи мисли од малиот мозок, но добро, не е ни тоа битно, значи, еве сега е 15,20 часот да не ви одземам многу време затоа што има и амандман 2 кој исто така е многу симптоматичен зошто се бара со најмалку пет години работен стаж, тоа е интересно да се отвори прашањето и зошто се нудат такви решенија, за да се елиминира сето она што е влезено во нашиот период, а се работи за стручни луѓе. Значи, и овде постои "кукавичко јајце", но ќе се вратам повторно на амандманот 1, господа не се тревожете, ова е во интерес на демократијата, во интерес на демократските процеси и на крај во интерес на граѓаните за да утре кога ќе излезат на гласање по теркот на овој изборен законик да знаат кој за што се залагал, кој за што се борел и да се расчисти еднаш засекогаш дилемата, барем во нашите опозициони кругови кој како стои на мегданот наречен демократски избори во Република Македонија.

Но,вие со стамиот чин на договарање како Влада, вие веќе го воспоставивте механизмот со самото седнување и договарање ја дефиниравте најголемата политичка партија. Си скокнавте сами во сопствената уста или се удривте со сопствениот камен. Значи, не влечете потези долгорочно, работите не мудро, политиката е мудрост и аналитика, не е политиката плукни залепи и не е листа на желби.

"Јас господа ќе учествувам на изборите, но доколку ми се исполни таа желба". Тоа ме потсетува на еден бивши југословенски филм каде што еден од актерите вели: "Ја оќу да будем капетан беле лаѓе, ал не могу". И јас сакам да бидам нешто, но може утре да бидам ништо, да не бидам воопшто во овие клупи. Но тоа не е ништо страшно. Тоа е една нормална работа и треба да се свати како таква.

Значи, во сета оваа ненормална ситуација која ни се случува разно - разни притисоци кои се прават андерграунд подземно и јавно дека доколку не се прифатат одредени наши законски решенија, ние господа ќе се повлечеме од изборите. И каде е патот на македонската демократија утре ако ние како ВМРО Народна партија која на последните локални избори само се прошета, направивме една прошетка во која јас не учествував. Се прошета лидерот на нашата партија Георгиевски и донесе 130 илјади гласови. А што мислите, што

ќе значи активирање на старите борци на ВМРО? Тоа значи уште 70 илјади гласови плус, тоа ви го тврдам и ви го гарантирам. Затоа што господа, ние сме матрицата на ВМРО и генетскиот код и некој нека не си припишува дека е најголема опозициона партија. Наравоучение од сето ова господине Јакупи е следното. ВМРО Народна партија и јас како пратеник останаа на првобитните ставови кои ги кажавме во првата фаза.

Денеска пратенициве ни се многу муабетчии, многу им се разговара, но добро е. Добро е да се внесе малку ведар дух, мислам дека успевам во тоа полека, полека. Онаа набиена негативна атмосфера да ја тргнеме од тука, но доколку сме верници. Ако сме антихристи, или некој е антихрист ќе му се врти нон стоп некој околу главата, или околу вратот. Значи, наравоучение господа од Министерството за правда, сметам дека овој амандман не е добар од причините кои ги спомнав. Вие веднаш во старт реагиравте, што би рекле србите "како одапета пушка". Ја зършивте работата, будно ги следите настаните, тоа ме радува, спремни сте и никој не смее да ве изненади. Тоа значи дека ги читате амандманите, затоа што ви се случува ние да говориме, а вие цело време да си разговарате на телефон, а тоа е општа култура и почитување на личноста која говори и доби 8-9 илјади гласови. Се е во функција на амандманот.

Значи, поддржувам пропорционален модел во шест изборни единици. Не поддржувам пропорционален модел Македонија една изборна единица. И напред мала паралела како сублимат на сиот мој говор, како преку ноќ некој прави салто мортале и од мнозински систем во прва фаза денеска не понуди ниедно амандманско решение каде што ќе си останат сопствените ставови. Значи, политиката иако е дефинирана како што е дефинирана, постојат одредени принципи кои сите ние треба да ги почитуваме. Сметам дека по тоа прашање сега сум принципиелен, држам една права линија, гледам да не избегам од таа линија, затоа што овцата која бега од стадото, волкот многу брзо може да ја изеде. И тука би завршил господа, и најверојатно ќе продолжам по амандманот 2 кој иако е со една реченица е многу битен. Јас позитивните ги анализирам, мое право е, дали се работи за некоја конспирација, дали некој сака да ни подметне нешто, но тоа се наши лични размилувања. Сметам дека некои работи држат и тие работи овде јавно ги презентирам. Благодарам што имав чест да ме сослушате.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Дали некој има реплика од пријавените?

**Александар Флоровски:** Предлагачите ги нема, нема кој да реплицира, за жал. Затоа тие треба да бидат овде за да можеме да ги спротивставиме ставовите како демократски Парламент.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Малку е непријатно да се дискутира за амандман во отсуство на предлагачите на амандманот. Непријатно е да се дискутира за амандман кога парламентарното мнозинство не е тука и непријатно е да се зборува за амандман во услови кога една опозициона политичка партија која себе си се нарекува најголема, во еден период се залагаше за мнозински систем, а сега ги нема никаде да зборуваат зошто беа за мнозински, зошто не се за пропорционален. Затоа јас само ќе кажам дека ВМРО Народна партија останува на ставот шест изборни единици, пропорционален модел. Сметаме дека она што значи донесување на квалитетен изборен законик е многу важно со прифаќање и со разгледување на сите амандмани кои што се предложени од страна на членовите на Парламентот. Факт е дека не постои заинтересираност за разгледување на овие амандмани. Јас нема да зборувам околу овој амандман. Ќе чекам предлагачите да стигнат тука, затоа што и по Деловник се должни да бидат присутни кога се разгледува амандманот, или барем нивни претставник. И ќе се откажам од зборување со право да дискутирам околу ова прашање во текот на понатамошната расправа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов. Не е тука.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Да се бара со амандман Република Македонија да биде една изборна единица од пратеничката група на ПДП, според има логика од нивни аспект. Меѓутоа, тоа да не се образложува и да ги нема во Собранието, исто така нема логика. За мене е дискутабилно прашање, каде е барањето за мнозински систем, она што имавме можност да го слушаме во првата фаза од одредена пратеничка група во опозицијата која ги убедуваше сите овде дека треба да имаме мнозински систем. Значи, само заради едно удоволување на барање кое е многу минијатурно, ако сум пресметал добро, некој се откажа од сите барања. Зошто тоа го направи, не знам, не ми е јасно.

Почитувани колеги, јас се надевав дека премиерот Бучковски ќе ја однесе ВМРО-ДПМНЕ во Европа, ама се случи ВМРО-ДПМНЕ да го однесе СДСМ во Балканот. И заради сето ова, пратеничката група на ВМРО Народна заради тој индиферентен однос кој што го имаме овде во парламентарното мнозинство, пратеничката група на ВМРО Народна најавувам, се откажува од расправа по однос на овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Зоран Томиќ. Не е тука.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски. Не е тука.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам потпретседателе.

Сметам дека не е коректно од колегите од ПДП кои го поднесоа овој амандман да не се овде, а не знам кој е мотивот. Мислам дека ова е клучен амандман и доста важен за изборите во Република Македонија со кој што тие предлагаат изборот да биде според пропорционалниот модел, да се избираат 120 пратеници, но тоа да биде една изборна единица Република Македонија. Не го гледам нивниот мотив. Мислам дека ова беше нивен став уште порано и тие за да си останат на тој став го поднесоа овој амандман, но видоа дека тоа не е во ред и дека ова не носи плод и веројатно тие затоа не се овде.

Мислам дека предлогот кој што е даден во членот 4 ставот 2, тоа е дека во Собранието на Република Македонија се избираат 120 пратеници според пропорционалниот модел и при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици во која се избираат по 20 пратеници е сосема исправна и во ред оваа одредба од причини што во Република Македонија веќе имаме искуство од овој модел, односно со пропорционалниот модел на избор на пратениците, една работа и со поделбата на шест изборни единици во Република Македонија во која што сега избираме 120 пратеници во Република Македонија. Ваквиот начин дава за право на граѓаните на Република Македонија да вршат избор во своите изборни единици и да си ги изберат своите претставници кои ќе ги претставуваат во Република Македонија.

Јас сум против овој амандман. Го поддржувам законот кој што го предлага Владата.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Драго Шајноски. Не е тука.

Има збор пратеникот Аднан Ќахил. Не е тука.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Десетте минути течат за обезбедување на кворум.

Има 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 61 прартеник, 55 гласале, 5 за, 1 воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на зборот: "постојано" и на зборовите "постојано место" во членовите 6, 27 и 64 и во другите членови, поднесени од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Супхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Петковски повелете.

**Тито Петковски:** Господине претседателе, почитувани колеги, амандманот го поднесовме пред се, заради терминолошко усогласување, што би се рекло малку со технички карактер и со намена од аспект на правната номотехника да се подобри структурата на законот. Значи, терминолошки да се усогласи овој закон со законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште. Некаде во законот се спомнува терминот живеалиште, некаде престојувалиште, некаде постојано место на живеење и сметавме дека треба да одиме кон терминолошка унификација на сите закони во државата.

Значи, пред се, има технички карактер. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 65 пратеници, 57 гласале, 10 за амандманот, нема воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2 за додавање нова алинеа по алинеа 5 и на став 3 поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Супхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Апостоловски имате збор.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе. Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, за додавање нова алинеа 3 поднесена од пратениците Љубчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда.

**Супхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен. Господине Стојаноски имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван господине Јордановски, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Навистина вака има цел дискусијата во Парламентот, кога парламентарниот состав во вакво присуство може да ги чуе аргументите на опозицијата, затоа што овие аргументи не се само аргументи на опозицијата, туку се и аргументи на стручните лица кои што се занимаваат со оваа проблематика. Впрочем, овие се аргументи, кои што во првичниот текст ги прифати и Владата на Република Македонија, кога се залагаше за еден концепт, а кој што значеше еден силен чекор кон професионализација на изборните органи преку професионална, независна, самостојна државна изборна комисија, преку избор на општински изборни комисии со жрепка од страна на државните службеници и преку избор на членови на избирачките одбори од страна на јавните службеници, со тоа што на сите тие би им се зголемиле санкциите, кои што беа предвидени во кривичниот закон и во законот за државни службеници.

Отстапувањето од овој концепт се однесува и во однос на она што значеше препораки на набљудувачката мисија на ОБСЕ, ОДХР, особено во поглед на целите кои што треба да бидат постигнати со овој закон, а тие помеѓу другото претставуваат и отстранување на сите можности за прекршување на изборните закони, поради недоволно познавање на изборните закони, или поради неукост на членовите на избирачките одбори.

За да се отстрани оваа можност и непотребно да не се обвинуваат избирачките одбори за неправилностите без при тоа да имаат никаква вина околу тоа, ние како пратеничка група предлагаме да се прифати решението кое што го предложи во предлогот за донесување на овој закон Владата на Република Македонија.

Значи, го предлагаме она што го имаше во првичниот текст, предложен од ова Собрание од стана на Владата и тој текст навистина, односно тоа решение во тој текст не беше со ништо оспорено во расправата во овој Парламент при разгледувањето на предлогот за донесување на изборниот закон.

Што е она што се постигнува со ова?

Прво, морам да наведам одредби кои што произлегуваат од предлогот што го има доставено Владата на Република Македонија, а кој што се наведени во членот 31 став 2 точките 6, 7 и 8, кои што се однесуваат на обуката на членовите на изборните органи.

Овие одредби гласат вака: Државната изборна комисија, покрај другите надлежности, донесува програма и востановува стандарди за задолжителна едукација на сите изборни органи и ја координира истата. Значи, зборуваме за задолжителна едукација.

Понатаму, врши задолжителна едукација на членовите на општинските изборни комисии и им издава уверенија на начин и во рокови пропишани со програмата. Во точката 8 стои дека го пропишува образецот на уверенијата за посетување на обуката на членовите на изборните органи. Ова може да доведе до ситуација да се девалвира самата цел на обката која што треба да биде спроведена од страна на Државната изборна комисија, а сигурно и од страна на општинските изборни комисии во контекст на обучување на спроведување на сите избори, меѓутоа, факт е дека за првите наредни избори ние мораме да дискутираме одвоено од сите избори, со тоа што лицата кои што ќе бидат членови на избирачките одбори, најпрвин ќе станат членови на избирачките одбори, па потоа Државната изборна комисија ќе треба да носи програма преку која ќе ги едуцира во одреден временски период на начин како што ќе биде предвиден во таа програма и потоа ќе го пропише образецот за уверенија кои што треба да им бидат издадени на членовите, на веќе станати членови и тука се губи смислата на уверенијата. Зошто би било уверение на веќе именуван член на избирачки одбор. Уверението може да биде само основа или услов кој што треба да го исполнува членот на избирачкиот одбор, за да може да биде член на тој избирачки одбор и после тоа, доколку има основи кои што значат критериуми утврдени, или причини утврдени од страна на Државната изборна комисија за општинските, или од страна на општинската изборна комисија за избирачките одбори, дури тогаш ќе може да се утврди дека тој член може да биде разрешен доколку посотојат такви причини.

Значи, вака како што е наведено тука дефинитивно сум убеден дека Владата имала еден суштински проблем. А, проблемот е следен: тргна во правец да има професионални изборни органи.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски причекајте малку колегите пратеници да се смират. Благодарам господа колеги.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Значи, проблемот кој што го имаше Владата при предлагањето на овој член е од суштински карактер. Како да обезбеди внесување на одредба за издавање на уверение за обука за да биде избран некој член на избирачки одбор на лица кои што ќе бидат предложени од страна на политички партии. И од друга страна, како членовите на ист избирачки одбор, едни членови припадници на државна јавна администрација, а од друга страна партиски претставници ќе можат да бидат условувани со такво уверение за извршена обука, кога тоа партиите ќе го направат и на крајот на краиштата се доведува под знак на прашање, како ќе бидат санкционирани претставниците на политичките партии во еден концепт кој што е нарушен со амандманот што го поднесе Владата на Република Македонија.

Значи, се губи смислата на она што беше прифатено од страна на Владата, што беше препорачано од страна на набљудувачката мисија на ОБСЕ, ОДХР, а тоа е задолжителна едукација и обука на членовите на изборните органи. На овој начин, како што е сега предвидено, не сакајќи да ве замерам со датумите, а тие веројатно ќе бидат најинтересни и за јавноста и за Парламентот тука, ќе видите дека оваа одредба со самата динамика на спроведување на изборните дејствија не може да се реализира. Нема време. Имате 20 дена само додека се формира Државната изборна комисија. Впрочем, тука е и претседателката на Законодавно-правната Комисија, која што утврдила дека законот нема потреба да чека уште 8 дена за да влезе во сила по објавувањето, туку тоа да биде веднаш со неговото објавување. Тоа значи дека некој се брза некаде. А каде се брза, ако не во насока на спроведување на фер и демократски избори, јас не знам, затоа што сите едногласно зборуваме дека основа за фер и демократски избори е изборно законодавство околу кое ќе нема дилема, кое што ќе значи изградба на доверба во изборните органи од страна на сите учесници во изборниот процес. Јас дополнително велам немате потреба на овој начин да ги ставате во многу непријатна ситуација и членовите на Државнат изборна комисија и именуваните членови на општинските изборни комисии и оние кои што ќе бидат членови на избирачките одбори, затоа што вака како што стојат работите сите ќе бидат подведени под поимот дисциплинска одговорност, прекршочна одоворност, или не дај Боже, кривична одговорност, што е согласно зајакнатите санкции што се предвидени со овие закони. Затоа велам ние денес зборуваме за два закона. Зборуваме за законот за кој што зборувавме во првата фаза, каде што беше предвидено секој член на изборен орган да има уверение за завршена обука и врз основа на тоа уверение како еден од условите, покрај останатите три да биде услов да биде именуван за член на избирачкиот одбор. Сега се напушта тоа решение, што значи дека тој што ќе биде член на избирачки орган, нема да биде едуциран.

Од друга страна, прашањето на разрешување на член на изборен орган, не се поврзани со добивањето на уверение, затоа што ако зборуваме за задолжителна едукација, прашање е со која цел се спроведува таа едукација. Ако не се издава уверение на оној кој што посетувал едукација и покажал знаење на изборниот законик и на другите правила кои што се однесуваат на изборите кој не ги знае упатствата кои што треба дополнително да ги донесе Државната изборна комисија, или правилниците кои што ќе значат директно регулирање на материјата за спроведување на изборите, тогаш прашањето за тоа дали може некој да биде именуван, мора да го вклучува и прашањето на поседување на уверение за завршена обука, кој што ќе биде еден вид сертификат, или потврда дека тоа лице ги познава овие правила и може да спроведува избори согласно позитивните законски прописи во Република Македонија, кои што се однесуваат на тоа прашање. Вака, како што е предложено сега од страна на Владата ние имаме задолжителна едукација, меѓутоа, и да не се заврши таа едукација нема никаков проблем, затоа што уверението не е никаков услов, програмата нема рокови во кои рокови треба да се донесе од страна на Државната изборна комисија, немаме динамика на дејствија, затоа што Владата заедно со така наречената опозициона најголема партија, која што сама себе така се презентира, затоа што факт е дека пратениците се претставници на гласачите, а не политичките партии, затоа што гласачите гласале за листи на кандидати предложени од страна на политички партии, а не само за име и презиме на политичка партија, која што после ги именува лицата кои што треба да бидат пратеници. Значи, договорот има само една и единствена функција: Да се заврши ова прашање, да се затвори ова прашање и да се даде бланко можност на власта да спроведе избори по теркот на договорот кој што го склучија со господинот Груевски.

Ние како ВМРО Народна партија не сакаме да учествуваме во овој договор. Не сакаме да имаме било каков дел од одговорноста за овие избори кои што значат завршување на концептот за спроведување на фер и демократски избори, донесување на долгорочен и траен законик, кој што ќе важи и за претседателски и за локални и за парламентарни избори и за референдум. Вака имаме законик кој што ќе важи само за овие избори, а верувајте за првите наредни избори кои што следуваат, дали тоа би биле идни, предвремени избори за пратеници, или избори за претседател на државата, заедно со локални избори, ќе биде принуден идниот состав на овој Парламент да носи повторно законик. Зошто се работеше толку многу, зошто се формираа работни групи, зошто се аргуменитираше, зошто имаше јавни расправи, зошто се консултираа стручњаци, зошто имаше толкави дебати, дали судиите да се избираат со ждрепка, дали воопшто да учествуваат или не, доколку со една основа концепција што беше прифатена од страна на сите не можеше да се реализира целта, а тоа е да се изгради добра основа за фер и демократски избори.

Она што се направи, јас сум свесен дека и лицата кои се занимаваат со оваа проблематика, особено тоа се однесува на членот 18 став 1, за тоа што во тој член, само да го прочитам, стојат кои лица не можат да бидат членови на изборен орган. Таму стои дека такви лица не можат да бидат лицата осудени за казниви дела поврзани со изборите. Овде би рекол, можете да ги наброите со име и презиме, затоа што такви има само десетина и тоа не се правосилни пресудите. Потоа, лице кое претходно учествувало во спроведување на изборите и во чија работа, како член на изборен орган се утврдени неправилности поради кои е поништено гласањето. Јас тука би ја прашал министерката од кој избор на подтоци ќе

добиете информација кои се се тие лица кои учествувале во вакви нерегуларности во сите избори наназад, па на тој начин ќе утврдите дека тие не можат да учествуваат во предлагањето на членовите од страна на политичките партии, затоа што државната администрација знаете дека многу малку беа предлагани од страна на политичките партии во тој период.

Меѓутоа, оние кои ќе бидат предложени од страна на политичките партии, ќе дозволите, ние како единствена опозициона партија во оваа ситуација, после склучувањето на вашиот договор со еден дел од опозицијата ќе бидеме во можност да ви ги презентираме имињата и презимињата на сите оние кои учествувале во поништување на глалсање и кои нема да можат да бидат членови во изборните органи, а ќе бидат предлагани и од страна на ДУИ и од страна на ДПА и од страна на останатите политички партии кои што учествуваат во овие избори. Тогаш ќе има нерегуларности во однос на именувањето на членови на избирачките одбори, затоа што немате уверение за завршена обука, преку која процедура ќе можевте да ги видите овие работи за кои што зборувам сега и ќе имате една можност да оној член на Општинската изборна комисија кој именувал лице кое претходно учествувало во изборни нерегуларности да мора да го подведете под прекршочна или дисциплинска постапка и да мора да одговара, затоа што го прекршува законот за избор односно изборниот закон.

Во ваква ситуација, јас навистина не знам кои ќе бидат тие лица од државна и јавна администрација кои ќе се нафатат да имаат толкав ризик по однос на сопствената иднина, затоа што ќе ги потсетам сите, дека, за да бидат членови на изборните органи не треба многу. Меѓутоа, да ги спроведат овие избори на законски начин, ќе им треба многу голем ангажман и многу големо внимание, затоа што прекршувањето на било кој дел од овој законик ќе значи директно престанување на нивниот работен однос, ќе значи дури и кривично гонење, со најмала казна од пет години. Ова е тоа што следи после овој законик и, навистина, со ваков текст, двосмислен, несовршен, измешан заради правење компромиси меѓу СДСМ и ДПМНЕ, ние го доведуваме во прашање целокупниот изборен процес и кредибилитетот и можностите за одлучување на лицата кои треба слободно, непристрасно, самостојно, да ги спроведуваат изборните дејствија како членови на изборните органи.

Затоа предлогот што го даваме во вид на амандман не ви го нарушува договорот со ДПМНЕ, туку прави можност да се направи едно одобрување на текстот на законот, пред се. Да се имплементира во целост и да се реализираат препораките на ОБСЕ, не само како текст напишан во законот, туку во пракса, да се остави вистинска можност да се спречи учеството на лицето кои учествувале во нерегуларности во некои од минатите избори, да не бидат членови на изборни органи. Независно дали тоа ќе бидат лица предложени од ДПНЕ или лица кои ќе ги предлага СДСМ или лица кои ќе бидат предложени од албанските политички партии.

Во оваа постапка, за уверение што треба тие да го добијат, ќе добијат и сертификат, односно уверение, за познавање на изборниот законик што гледаме дека е многу тешко разбирлив, вака како што е конципиран, иако, јас се согласувам дека Министерството за правда можеби има најмала вина за сите овие пропусти што ги имаме сега во законот, затоа што се девалвира преку политички договор.

Да не должиме многу, има и други амандмани околу кои што треба да се зборува. Сметам дека не треба ништо друго да стоите освен да го вратите решението што го имавте во Предлогот за донесување на законот. Истото решение го имавте. Зошто го избришавте? Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Оровчанец имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе,

Знаете, се наоѓам пред една недоумица како логично работи да ги објаснам повторно да звучат логично, на едно нелогично решение што нам ни се нуди. Зошто го зборувам ова?

Затоа што, да објаснувате дека едукацијата е насушна потреба, а дека не е само формална работа и декларативна, мислам дека многу малку зборови треба да се употребат за да биде јасно.

Меѓутоа, со едно вакво решение, како што е во законот, очигледно почнуваме да се прашуваме што е постаро "кокошката или јајцето"?

Ова решение, јас како што го гледам сега во законот, направено е само едно декларативно решение во кое се декларираме дека тие луѓе кои ќе учествуваат на изборите, треба да бидат едуцирани. Тоа е во контекст на она што СДС како предизборна кампања го користи: Европа, економија, едукација. За економијата видовме, за Европа гледаме, а едукацијата, еве пример на кој начин се решаваат работите.

Значи, се тргнува од принципот да се изберат луѓето, а после тоа ќе им се дадат уверенија за тоа дека тие имале некоја едукација и дека нешто дознале и направиле во својата едукација. Логичноста е друга. Логичноста е да се реализра едукација. Да ги сфатат правилата на играта што се викаат фер и демократски избори. И, по тие правила да имаат и наобразба и да имаат вештини што ќе може да ги аплицираат во самата изборна постапка како членови на тие избирачки единици и на тој начин да ги намалат ризиците од злоупотреба на гласањето. Како краен резултат на тоа да бидат фер и демократски избори, што ни е прва и основна цел како држава да направиме.

Меѓутоа, наместо тоа да го направиме, ние одиме по друг принцип. Имаме наеднаш едукација на она што се вика државна и јавна администрација, што ќе ја учиме како се играат правилата на игра, а од друга страна ќе имаме две повластени, не ги

прејудицирам кои, затоа што сметам дека оние кои себе си се сметаат за најголема опозициона партија, ама ни од далеку не се најголема, а уште помалку како опозициона. Тие влегоа како Социјалистички сојуз со СДС и сметам дека тие ќе бидат едуцирани како да манипулираат на изборното место за да можат да искористат нешто од таа матна каша под еден плашт на фер и демократски избори да се дојде до ситуација да нешто само искористат или уќарат.

Со други зборови, имаме сега спрега на две работи. Едни на кои им наметнуваме, тоа е државната јавна администрација да работат по вакви и вакви услови, со вакква и вакква едукација и автоматски имаме една друга групација која што не е малку, значи од пет членови 3 се од државна, а двајца ќе бидат партиски кои ќе бидат обучувани за махинации. И ние, ќе имаме каква игра? Едните ќе играат покер, другите ќе играат бриџ, а сето тоа ќе личи на карма-каша и нема да личи воопшто ниту на избори, ниту на ништо друго што треба да го имаме како крајна цел пред нас.

Според мене би требало прво да се направи обуката. Да се види дали тие луѓе кои се обучуваат ја сфатиле материјата, дали го познаваат законот, дали можат да бидат внесенни, да се оцени дали имаат психолошка конституција да издржат на избори, 12 часови колку што е отворено тоа место, да ги издржат сите притисоци, политички, вакви, онакви, какви ќе се прават таму. Понатаму, претходно да се е видентира дали дел од тие луѓе порано учествувале во тие избори, па дали ги прекршувале или не ги прекршувале. Со други зборови, да се направи еден филтер. На крајот да стигнеме до ситуација да имаме избирачки одбори кои ќе бидат едуцирани, подготвени и кои можат да реализираат избори кои ќе ги оцениме како фер и демократски избори.

Ние, во старт, целото ова прашање го ставаме наопаку. И токму поради тоа констатацијата дека Бучковски, кој овде сакаше да не европизира сите, односно ДПМНЕ, испадна ДПМНЕ го балканизира Бучковски, ама топтан до крај.

Фер и демократски избори на овој начин нема да реализираме. Јас ги замолувам пратениците кои имаат малку свест и совест да го сфатат карактерот на едукацијата и во тој поглед да се напрегнат и да донесат решение што се надевам дека мислат дека како решение го засллужуваме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Оровчанец.

Да ви помогнам малку, точно е дека нешто ако е логично, тешко е да се дообјаснува, зошто е логично. Но, ако нешто е нелогично многу е полесно да се објасни дека е нелогично и требавте тој пристап да го земете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Не ги коментирам вашите коментари господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Е сега, основното прашање, говориме сите за логика, говориме за некоја едноставна работа, но ме зачудува фактот што Министерството за правда толку едноставно, без размислување и без никаква логика го отфрли овој амандман. Прашањето е зошто?

Јас не гледам ниедна причина и кај ни еден пратеник не гледам никаква дилема зошто ова не би било составен дел на членот 18, став 1, од истиот член, каде што член на изборен орган не може да биде лице осудено за казниво дело поврзано со изборите, лице кое претходно учествувало во спроведување на изборите и во чија работа, како член на изборен орган се утврдени неправилности, поради што е поништено глалсањето и на крајот лице кое нема добиено уверение за завршена обука. И тука, во ставот 1 би добиле три алинеи што апсолутно соодветствуваат со тоа што сакаме да го направиме, а се надевам дека сите сакаме, значи фер и демократски избори.

Вие, на овој начин се обудувате, поради еден политички компромис да се менува целата концепција во насока што сите добиваат право да кажуваат она што мислат дека треба да го кажат. Зошто го велам ова? Затоа што на овој начин ние ќе добиеме во овие изборни органи, всушност, две категории на членови на овие избирачкиј одбори. Значи едните што гарантираат она што значи изборен процес, со своето работно место, исто така со она што значи кривична пријава и евентуално дисциплинско гонење, а од друга страна ќе имаме луѓе кои апсолутно, претпоставувам нема да бидат ни вработени, затоа што целта што некој си ја поставил во моментов е да се добијат политички луѓе кои ќе добијат 500 или 1000 денари и да добиеме категорија на членови кои апсолутно нема да имаат никаква одговорност за што имаме гаранција и уверување во она што се случувало во досегашните избори во Република Македонија. Дали е тоа Охрид, дали е тоа Прилеп или пак цела Западна Македонија, каде што и денеска сеуште не знаеме кој, што и како направил од избирачките одбори или знаеме но не сакаме да го кажеме, а судовите тоа не можат да го кажат, за жал.

Е сега, често спомнуваното она што СДСМ го има на овие избори, тоа се три Е, но многу ми е страв да не дојдеме до тоа, четвртото Е, а тоа четвртото Е, не го посакувам никому. Затоа треба да внимаваме во овие три Е да се најдеме. Оваа едукација и тука сите, апсолутно, до еден, треба да бидеме максимално коректни, затоа што не знам кој од вас, посебно од Министерството за правда не би сакал да има вакви едуцирани и обочени кадри кои ќе добијат решение за завршена обука, како такви ќе учествуваат во избирачките одбори. Дали ќе има време или нема да има време, тоа повторно ќе зависи од вас, од Министерството за правда, за колку време ќе го

организира сето тоа, за колку време тие луѓе може да се обучат, но, на крајот на краиштата ние прво треба да го донесеме овој изборен законик. Ако го донесеме по сите нормативи, што ги предлага ОБСЕ и ОДХР, тогаш што ќе правиме ние овде? Ние сакаме од една страна европски, но од друга страна да се пазариме како на Бит Пазар, кога ќе се заврши тоа да кажеме сето ова е европски и проевропски.

Двете работи заедно не одат. Или фискална каса или Бит Пазар. Нема две работи.

Затоа, во овој момент, ви како Министерство за правда кои го браните овој закон и сте предлагачи, мислам дека вие самите треба да инсистирате. И да не беше предлог на овој амандман, да ја вградите цела оваа концепција, затоа што овие избори нема да бидат денес за денес. Не можеме на секои избори да обучуваме нови кадри и нон-стоп таа администрација, не знам колку луѓе ќе треба да обучиме. 30 илјади, 50 илјади, колку?

Мислам дека правецот е во насока на тоа да имаме луѓе кои ќе ги обучиме и ќе ги имаме подготвени за сите наредни избори. Можете да ги менувате по избирачки места или не знам кои трансформации да се прават, но луѓе кои се обучени кои го знаат избирачкиот процес, мислам дека се неопходни. А секој кој ќе направи грешка има санкции, може да се санкционира. На овој начин имаме два типа, две категории на членови во избирачките одбори и тука ќе се јави голем проблем.

Уште во старт тргнуваме нерегуларно и ова што кажа колегата Стојаноски, дека може и после тоа да се најдат луѓе кои ќе ги предложат од партиите, апсолутно не заслужуваат да бидат таму, затоа што не што не се едуцирани, туку направиле многу работи што претходно не требале да ги направат, па ќе треба сега да се вклучува МВР, па ќе треба да се вклучуваат други политижки партии, и сето тоа да го откриваат, па да имаме еден Галиматијас, да не се знае кој јаде, кој пие, а кој ќе плати на крајот тоа се знае. Ако е тоа целта, тогаш ве оправдувам. Инаку, апсолутно нема ниту едно оправдување овој амандман така глатко да го отфрлите и апсолутно без ниту еден аргумент да кажете зошто не се прифаќа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Трендафилов повелете, имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Почитувана госпоѓо Младеновска,

Би сакал да слушнете мал извадок, а тоа е конечниот Извештај на Набљудувачката мисија на ОБСЕ и ОДХР за Поранешна Југословенска Република Македонија , локални избори, 13 и 27 март и 10 април 2005 година. Цитирам:

"Во ДИК не постоеше волја за отповикување на претседавачите на општинските изборни комисии кои работеа на несоодветен начин во текот на првиот и вториот круг. Ваквото непостоење на волја, наводно, било поради загриженоста дека такво дејство би ја поткопала кревката рамнотежа на интереси на политичките партии при назначувањето судии за претседатели на општинските изборни комисии, иако нивното назначување би требало да биде непартиско".

Вие сте, верувам, повеќе од свесни за забелешките што, во крајна линија не ми е мене грижа што одеа воглавном на адреса на владеачките партии, туку одеа на адреса на Република Македонија, дека таа нема демократски капацитет и потенцијал да спроведе локални избори и воопшто било какви избори на еден нормален начин.

Така претседателот на Владата ќе повикува на некакви скандинавски избори, Црвенковски ќе повикува на некакви јужноафрикански избори, некој трет ќе повикува на македонски избори. Добро е што некој од странците потсети дека изборите треба да бидат македонски. Сите повикуваат на некакви избори, а Извештајот е многу јасен и за жал се однесува на Република Македонија.

Да ве потсетам, во поглед на санкциите за лице кое не може да биде дел од изборниот процес, вие и те како сте свесни на пример дека Врховниот суд на Република Македонија, иако констатираше првиот пат дека неколку гласачки места не постојат на територијата на општината во Ѓорѓе Петров, дека во гласачките списоци на тие гласачки места се запишани нула избирачи, но истовремено избирачките одбори поднесоа извештаи дека таму гласале, зависи на кое непостоечко гласачко место, од 70 до 140 гласачи, па сепак јас не се сеќавам некој да излезе виновен или да беше изведен пред лицето на правдата дека манипулирал со изборниот процес. Успеавте да внесете во оваа земја мртви души на гласачки места кои не постојат и никому ништо, и сепак успеавте да пронајдете гласачи. Дали овие лица и во следниот изборен процес ќе бидат дел од изборните органи, без оглед на кое ниво, затоа што навистина, да успеете да протнете, без малку, 1000 гласачи кои не се ниту запишани, бидејќи гласачките места и не постојат на територијата на Република Македонија и тоа да ги помине сите нивоа на жалби и да заврши во Врховниот суд и тој да констатира дека не е ништо страшно, ако на гласачко место кое не постои во земјата и нема запишани гласачи, сепак ќе излезат да гласаат околу стотина луѓе, е сосема нормална работа за Република Македонија. Дали, бидејќи не постоеше никаков механизам кога МВР, прекршувајќи го протоколот, кога има опасност од експлозивна направа, практично 18 часа ја држеше под опсада, бидејќи, наводно, тие 30-40 полицајци бараат минско експлозивна направа во зградата, а не знам ни јас што има, само полицијата беше. Обично има протокол во МВР. При една таква сериозна ситуација се праќаат со специјални кучиња, се известува антитероризам, но тоа беа обични полицајци кои 19 часа ги држеа избирачките материјали...

**Љупчо Јордановски:** Само би ве замолил да ни ја олесните ситуацијава, бидејќи почнав да не ве разбирам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Да, ама што треба да се направи во таков случај. Дали тоа е дел од обуката.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам држете се до амандманот.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Можеби вам повеќе отколку мене, а јас сватив дека ми треба обука затоа што јас не знам како да реагирам кога Врховниот суд на Република Македонија ќе одбие приговор на ВМРО-Народна партија, со образложение дека гласачкото место иако не постои, иако нема запишано избирачи, гласањето е регуларно и 70 до 80 го дале својот глас за Сокол Митревски.

**Љупчо Јордановски:** За тоа треба обука?

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас и ти треба да одиме на обука. Ако вие имате некаков поинаков интелектуален капацитет и имате логично образложение на оваа моја дилема, а јас немам таков капацитет, мене ми треба обука.

**Љупчо Јордановски:** Не станува збор за изборни органи, ве молам.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Ако сакате да полемизирате или да ми реплицирате, јавете се откако ќе завршам, да не им го одземаме вниманието на колегите.

**Љупчо Јордановски:** Јас само сакам по Деловникот да зборувате, во врска со амандманите. Амандманот вели односно ВМРО-Народна предлага да се уфрли и лице кое нема добиено уверение за завршена обука. Одвојте ги тие работи...

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски, не знам зошто на вас ви е смешно тоа за што сега зборуваме. Објаснете ми...

**Љупчо Јордановски:** Јас не знам, мене ме сметаат за човек кој никогаш не се смее. Се извинувам...

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски земјата во која во иднина ќе ја претставувате Република Македонија, при закана од бомба на гласачко место, знаете како би реагирала? Затоа ние зборуваме за обука.

**Љупчо Јордановски:** Објаснете го тоа во вашиот говор, инаку јас не гледам дека има врска, ако тоа не го објасните зошто треба обука.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи јас зборувам дека можеби Министерството за правда, можеби господинот Црвенковски, Груевски, Бучковски, треба да издадат правилник како членовите на избирачките одбори треба да се однесуваат при закана од минско експлозивна направа. Затоа таа обука против антитерористички дејства на гласачките места и во зградите на местата каде се врши гласањето, е потребно. За тоа зборувам

**Љупчо Јордановски:** Добро, сега ми е јасно и вие очигледно сте попаметни од мене. Не ве разбрав. Сега ми е јасно. Повелете продолжете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи посочувам примери, како на пример кога Врховниот суд ќе констатира дека гласачкото место не постои, дека ниту постојат гласачи таму, а е сосема во ред дека гласаат луѓе и тие го дале својот глас. Како тогаш ќе се однесуваат, независно дали се претставници на државната администрација, или се партиските експерти.

Еве гледате и на колешката Грковска не и е јасно, и таа се залага за истото дека обуката е потребен дел и е потребна едукација. Што е сега спорно за овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Сега кога дообјаснивте не е спорно. Продолжете понатаму.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи сакам само да ја истакнам сериозноста. Ако овој и слични примери завршија во конечниот извештај на ОБСЕ, мислам дека Република Македонија, бидејќи оди на адреса на земјава, независно кој политички субјект на македонската сцена, повеќе или помаку придонел за таквиот негативен извештај, можеме ние за извесно време да се збогуваме со таканаречените евроатлански интеграции. На маргините на состанокот, кога се договараше односно кога се променија темелите на изборниот законик за кој зборуввме на почетокот од денешната сесија, овде во Скопје се одржа на високо ниво НАТО-самит, организиран од Центарот во Норфок, за трансформација на НАТО, каде јасно им беше кажано на македонските претставници дека 2006-2007 година, почитувани домаќини, нема што да се бара таму, затоа што и критериумите се засилуваат, затоа што дополнителни обврски, во поглед не само на прилагодување на системот на одбраната, туку и во социјалната, економската, општествената сфера во Република Македонија треба да има напредок. Тој напредок го нема. Ние дојдовме со такво решение, прифативме да имаме изборни правила кои ќе важат од денес за утре. Во некои подобри времиња ќе се обидеме да направиме изборно законодавство и правила кои ќе важат, независно дали станува збор за локални, претседателски, парламентарни избори, или за референдум. Значи еднаш засекогаш да ја завршиме таа страница. Ние таа страница, за жал, ниту со овој законик ќе ја завршиме ниту ќе имаме квалитетна обука, ниту ќе имаме контрола на она што се случува, затоа што јас не слушнав од Министерството за правда какви механизми, од завршувањето на локалните избори до сега, презеде за овие два мошне драстични случаи. Едното е злоупотреба од некого, значи јас не тврдам дека тоа сите го направиле, злоупотреба на полицијата во Охрид и второто е, решението со кое непостоечки гласачки места во земјава се прогласуваат како најнормално, тие непостоечки места, сепак постојат, иако е констатирано, а внимавајте има широка лепеза на инстанци, почнувајќи од избирачкиот одбор, завршувајќи до Врховниот суд. Кои се сега механизмите со кои на овие лица нема да им биде овозможено повторно да бидат учесници, да направат нешто слично

како што направија за локалните избори и ќе имаме највероjатно можеби сличен, ако не и идентичен извештаj, како што овоj го имаме, како што реков конечен извештаj на набљудувачката мисиjа на ОБСЕ. Јас цитирав дека заради политичка рамнотежа и тоа кревка, наведена е во извештаjот, го имате и вие, го има и Министерството за правда.

Дозволете уште еден цитат. Вели: "Законот им дозволува исклучителни привилегии на четирите водечки партии во делот на назначувањето на органите за спроведување на изборите. Ваквата рамка може да доведе до соодветна изборна пракса само ако секоjа од тие партии обезбеди сигурност дека нејзините претставници ги вршат обврските во целост, на непристрасен начин и во согласност со законот".

Значи ако овие четири партии имаат непристрасен пристап, ние немаше да имаме негативен извештаj. Сега заклучокот е повеќе од jасен, во однос на обуката и во поглед на тоа дека е потребен механизам коj сега за сега не постои и jас не верувам дека Министерството за правда ќе успее да измисли таков механизам дека обуката и законските пречки на лица кои направиле прекршоци, ќе бидат отстранети од следниот изборен циклус, дали станува збор за парламентарни избори 2006 година, или за следните избори.

"Изборните комисии беа формирани на принцип на квалитет, од страна на двете главни владеачки партии и двете главни опозициски партии. Така на главните политички партии им е овозможено огромно ниво на власт, меѓутоа исто такво ниво на одговорност при спроведувањето на изборите, обично не беше демонстрирано од страна на лицата кои беа назначени од политичките партии. Изборот на судии кои служеа во изборните комисии, заснован на политички интереси, jа наруши независноста на судиите. Државната изборна комисиjа главно работеше на колегиjален и консензуален начин".

Сега jас можам да пронаjдам уште цела една дузина слични пасоси и примери од извештаjот на ОБСЕ, но очигледно барем во поглед на понудените механизми, како Република Македониjа и нејзините институции ќе имаат инструменти да оневозможат слични поjави, нема. Можеби ќе имаме уште еден ваков извештаj и можеби тогаш највероjатно ќе речеме дека треба да имаме унифициран систем на спроведување на изборите, без оглед дали станува збор за парламентарни, локални избори, референдум или претседателски избори.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Трендафилов. Јас ве разбрав на краj.

Повелете господине Флоровски имате збор.

**Александар Флоровски:** Ќе бидам краток, повторно ќе кажам во функциjа на она што денес го работиме, но притоа на вашиот заменик jас су му дал до знаење дека таму каде што сум потпишал ќе барам и логично обjаснување зошто се отфрла овоj амандман. Таква работа не слушнав, освен тоа дека амандманот не се прифаќа. Многу едноставно, многу просто решение. Можеби за Владата ќе биде макотрпно да го направи тоа. Имаме околу 3.000 гласачки места во државата, но под притисокот на европjаните и она што значи наша задача, цел и стремеж кон иднината, не треба да се жали ниту труд, ниту пари, луѓето кои ќе бидат главни на изборите, да бидат обучени, значи да не бидат анафалбети во смисла да учествуваат на избори, а никогаш во животот тоа не го работеле. Веднаш тие луѓе ги фрлате во можен судир со законот, доколку не ги исполнат сопствените обврски.

Што бараме ние? Бараме во една реченица, во членот 18 став 1, да се додаде алинеjа 3, коjа гласи - лице кое нема добиено уверение за завршена обука. Значи се отфрлаат луѓето кои биле осудувани, лица кои претходно учествувале во спроведување на изборите и во чиjа работа, како член на изборен орган се утврдени неправилности и тн. Ние бараме едно логично решение што мислам дека и вас ви изгледа логично, но незнам од кои причини во старт, едноставно лесно го бришете. Мене воопшто не ми е jасно дали вие како актуелна влада, како Министерство сакате да го добиеме она што го доби Лукашенко пред два дена, и од Европа и од НАТО соjузниците? Сакате Македониjа да jа доведете во таква ситуациjа, каде што ги добиjа изборите, не знам колку посто излезени, со 90 и нешто проценти гласови за, а има и во Македониjа ситуации во северозападниот дел на Македониjа каде се случувало да има двајца кандидати, да се добиjат десетина илjади гласови за едниот кандидат, а за чудо тоj истиот што бил кандидат ни за себе не гласал. Значи ќе имате на терен низа нелогичности за кои главната одговорност ќе jа сносите вие како влада, па ќе се чудиме после што ни се случи, Цацко ни бил крив. Не, ние самите сме си криви. Место да бидеме кооперативни меѓу нас, позициjа, опозициjа, не е битно како ќе се дефинираме, еднаш засекогаш да спроведеме демократски избори затоа што нема избори во Република Македониjа кои не поминале под знакот на прашалник или снакот на сомнеж. Министерке, вие почесто се среќавате со тие луѓе од Европа. Ние, верувајте немаме шанса. Коjа е нивната главна заложба? Ова што е предложено како амандман од овие 13 пратеници овде, меѓу кои и моjата маленкост потпишан овде. Сметам дека ваквото логично решение треба да го прифатиме. Или, ако го одбивате, одбиjте го со некое логично образложение.

Што значи да земете било коj, еве jас ќе го земам Коста Прешоски, никогаш не учествувал на избори и човекот влегол, го праќате, не знам во некое село каде господ рекол збогум, знаеjќи го и менталитетот на народот, ви доаѓаат со калашникови, со пиштоли, ви претат. Што во таа ситуациjа човекот треба да направи, освен да си jа земе ташната и да си оди. Ќе мисли на кутиите, дали некоj уфрла или не.

Еве јас ќе ви кажам за 2002 година жив пример.

Јас како претседател на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, како една партија. 2001 година беше војната. По некоја случајност Љуботен спаѓа под Чаир, под тој комитет. Јас не најдов сили и храброст да испратам било кого горе за да не настрада. Одговорноста ќе беше моја голема, затоа што таму ќе играа пиштоли и калашникови. Таму веќе нема зафрканции, господо. Вакви работи ќе имате еден куп, ве уверувам однапред. Колку пак судири ќе имате на терен, ќе се чудите, гледајќи го антагонизмот кој е создаден, пред се во рамките на позицијата. Не верувам дека тоа ќе може да се избегне. Кој ќе го плати цехот не е битно. Некој ќе го плати.

Вака ако размислувате Македонија да ја носите во Европа, или само декларативно овде сите ние ќе лаеме, вие ќе не сослушате, ќе стигнеме до Европа. Далеку е, господа Европа од нас, за жал.

Мостот што го спомнував во последниот говор ми изгледаше како мостот на Вардар, но сега од оваа позиција ми изгледа како мостот на Бруклин, од 1,5 километри долг, кој треба да го проодиме. Вака нема во Европа и вината ќе биде кон вас. Тоа апсолутно ви го тврдам, а луѓето едноставно да ги фрлите во оган, не едуцирани, не спремни на разно разни ситуации, или мислите на секое гласачко место треба да има полицаец. Па нема да се покрие таа работа и ќе ви кажам зошто не може. Затоа што ќе имате тројца полицајци или четворица за 5,6 гласачки места, но затоа пак пред школото имате 5-6 до 10 луѓе кои ги влечат луѓето и им кажуваат како треба да гласаат, односно каде да гласаат. Не сте учествувале на избори. Јас сум ги истерал сите можни избори, освен последните локални, на кои не сум учествувал. Во 1990 година изборите беа подобри, порегуларни, не постоеше таа зла крв, не постоеше претење, не постоеше страв човекот да го испратиш да набљудува, како посматрач, ако не повеќе. Значи интенцијата ми е, лице кое нема уверение за завршена обука како да се однесува во дадени ситуации, за жал во Македонија е таква состојбата, тие лица мора да бидат обучувани како специјалци. Таква е состојбата. Мора да верувате дека е таква, катастрофална е.

Ако веќе е во прашање полиотички дил, ако веќе е договорена работата, секоја ви чест. Договарајте, ако сметате дека работите вака треба да одат, ако сметате дека ова што го нудиме како решение сметам објективно, квалитетно решение кое вас ќе ви помогне за да не ви трла некој сол на глава, тоа ќе биде премиерот, затоа што тој е првиот човек на извршната власт овие работи прифатете ги. Имате време , не жалете пари. Ако залогот е Европа, ако влогот е НАТО и ако влогот подобар живот и просперитет на граѓаните на Република Македонија под заедничката капа наречена Европската Унија. Значи не жалите пари. Влезете во игра, загризете како што треба, или скопски кажано избоксувајте ја работата, дали тоа ќе биде аперкат, кроше не ме интересира, спремете ги луѓето за било која ситуација. Претежно за оние средини кои се рурални, кои Министерството за внатрешни работи ги има лоцирано како проблематични, но стремежот ваш, не гледам жар, не гледам интерес за таква работа. Ако сте се договориле со најголемата т.н. опозициона партија која е од генетска плод на ВМРО апсолутно нема ништо друго освен името, брентот, договарајте се. Крајот незнам каде ќе ви биде. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Јас сакам да бидам конкретна, концизна и јасна за да може претставниците на власта да ме разберат и колегите пратеници да можат да осознаат зошто ВМРО-Народна партија и јас како предлагач го имаме поднесено овој амандман на изборниот законик.

Во прва фаза почитуван претседателе, кога се гледаше изборниот законик во членот 17 став 1 алинеја 3 стоеше дека секој нема добиено уверение за завршена обука.

Тоа уверение согласно членот 28 од Предлогот за донесување на изборниот законик во надлежност на ДИК став 2 алинеја 6 или точка 6 вели "ДИК донесува програма и воспоставува стандарди за задолжителна едукација на сите изборни органи и ја координира истата". Значи, во прва фаза има еден логичен редослед. Лицата како членови на изборните органи мора да бидат задолжително едуцирани од страна на ДИК. Тоа се случуваше во прва фаза.

Во втора фаза на која ние имаме поднесено амандман во членот каде што е предвидено кој се може да биде член на изборен орган не го има делот каде што и лицето нема добиено уверение за завршена обука неможе да биде член, но Министерството за правда брзајќи да го поднесе предлогот на закон заборавило да ја избрише надлежноста на ДИК која е иста како во прва фаза, во членот 31 од Предлогот, став 2 точка 6 стои истото она што стои во првата фаза, каде што имаше еден логичен редослед, каде што се бараше лицето член на изборен орган да има завршена обука и ДИК ќе биде надлежна за задолжителна едукација на изборните органи.

Значи, во постојниот предлог на закон избришана е алинејата која ние бараме согласно овој амандман да се вметне, а Министерството брзајќи да го поднесе предлогот точката 6 од став 2 од член 31 гласи исто како што гласеше во првата фаза "донесува програма и воспоставува стандарди за задолжителна едукација на сите изборни органи и ја координира истата".

Значи, да повторам ако некој не ме разбрал, во прва фаза . . .

**Љупчо Јордановски:** Ве разбравме само не знам што е тука нелогично.

**Марија Којзеклиска:** Па, како што е нелогично претседателе. Во надлежност на ДИК се

предвидува задолжителна едукација на изборните органи со тенденција да се има уверение како што било во прва фаза.

**Љупчо Јордановски:** Не е токму така. Едукација со уверение е исто што и едукација, ако сакате да знаете.

**Марија Којзеклиска:** Вие имате коментар на амандманот? Пријавете се и ќе дебатираме.

**Љупчо Јордановски:** Извинете, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Со вакви упади во системот не верувам дека ќе го скратите времето. Можете само да не мотивирате дополнително да продолжиме.

**Љупчо Јордановски:** Ако мотивацијата е креативна тоа ми се допаѓа. Повелете.

**Марија Којзеклиска:** И креативна ќе биде мотивацијата .

И логика , да го надоврзам она што вие велите, после точка 6 од овој Предлог, точка 8 вели: "Го пропишува образецот на уверенија за посетување на обуката на членовите на изборните органи".

Ајде сега вие кажете ми каде е логиката. Нема уверенија, а надлежната Државна изборна комисија треба да пропише образецот на уверенијата за посетување на обука на членовите на изборните органи, а таква обука нема, предвидена во прва фаза, во втора фаза го нема. Затоа ние предлагаме, за да не се срами Министерството за правда, недоследности, или за неконтинуирано, еве ние откривме една фалинка во предлогот на изборниот законик и предлагаме да се додаде нова алинеја 3 за да има логика членот 31 став 2, точка 6 и 8.

Во однос на обуката почитуван претседателе јас ќе ви кажам не знам дали вие сте учествувале во изборни органи, изборен процес непосредно зошто е потребна обуката не само од правен аспект, туку и како би се справувале изборните органи со сите можни ситуации кои можат да настант, иако ми е жал што Центарот за управување со кризи е иземен односно членовите, вработените во Центарот не можат да бидат членови на изборните органи.

Кога беа изборите 1998 година, едукацијата која ја вршеше тогашната Изборна комисија, значи членовите на избирачките одбори укажуваше покрај другите права, одговорности и обврски кои ги имаат доколку снема електрична енергија членовите на изборните органи да бидат обезбедени со свеќи или со електрични батерии. Значи обука претседателе неопходна.

Еве колегата Трендафилов зборуваше за евентуални терористички закани, бомби и сл. значи логички заклучок е дека треба да има обука и дека член на избирачки одбор не може да биде тој што нема заврШено обука.

Заради сето ова што го кажав јас предлагам од страна на парламентарното мнозинство овој културен амандман да биде прифатен.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска едно е обука, а друго е да се добие уверение за обука.

**Марија Којзеклиска:** Па, зошто се прави обука? Па, и за уверение.

**Љупчо Јордановски:** Во САД има универзитети каде што вие ќе ги положите сите предмети, не правите дипломска, добивате диплома, а знаењето мислам дека е многу појако одколку кај нас. Значи, што се однесува до тоа што мене ме прозвавте, исто така јас сум вршел обука и сум учествувал за разлика од вас можеби на сите избори одкако е независна Република Македонија. Пред тоа не знам дали имало избори, но и вие одевте одевте на обуки како парламентарци да одиме во Европската Унија, во Европска заедница, на разни семинари, па не сте ми покажале дека имате некоја диплома, уверение дека сте поминале некоја обука. Знаењето со дипломата немојте ве молам да го мешате и тоа остана трагедија на нашето општество, што дипломата ја рамниме со знаење.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓеоргиевска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Се јавив за дискусија за да појаснам некои работи, иако мислам дека на сите пратеници во Парламентот, а и на оние што дискутираа им се доволно јасни одредбите од законот.

Навистина, нема дилеми и мислам дека членовите апсолутно не се во коализија, туку напротив само се разликуваат од законот во прва фаза кој имаше различен концепт и токму заради менување на концептот, заради отстранување на судиите од изборниот процес, вклучување на државната и јавната администрација по системот на случаен избор моравме да направиме измени во одредени одредби.

Тоа значи дека тие вработени во Државната и јавната администрација што по случаен избор ќе бидат дел од изборните органи, едукацијата ќе се насоч!и спрема нив. Значи, точни се оние одредби во однос на програмата за едукација на ДИК и тоа се одредби на кои ние многу внимававме во изготвување на законскиот текст, меѓутоа за уверението за едукација, но сето тоа ќе се случува откако по случаен избор ќе бидат избрани лицата што ќе бидат дел од изборните органи, почнувајќи од избирачкиот одбор и потоа општинските изборни комисии. Значи, едукација има.

Не постои можност однапред да се врши едукација затоа што концептот е сменет, постои можност сите вработени во државна и јавна администрација да бидат дел од изборниот процес. Сите административци комплетно во јавна и во државна администрација однапред да се едуцираат, да добијат уверение и потоа да бидат вклучени во самиот избор. Мислам дека треба законот да се чита во целина, сите одредби, преодни и завршни, рокови во кои треба да се изберат органите за да можат да бидат изборните органи во функција на граѓаните и во функција на изборите, бидејќи изборите не се за членовите на изборните органи, туку тие со

своето знаење и начин на работа да бидат во функција на изборите.

Токму затоа сметаме дека со вакви одредби кои овозможуваат врз основа на програмата на ДИК да се врши точно, поименично едуцирање на лицата што активно ќе бидат вклучени во изборите за да може со должно внимание да бидат едуцирани онака  како што ќе одреди програмата на ДИК сметаме дека е ова законско решение. Не се работи за решение кое што едуцира било кого, па дали ќе биде вклучен или нема да биде вклучен во изборите не е важно. Напротив, точно ќе се внимава врз основа на програмата на ДИК да бидат избрани тие што директно ќе бидат вклучени и што ќе работат на изборите. Затоа мислам дека овие одредби се навистина јасни. Благодарам.

(со седницата продолжи да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија )

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо министер.

За реплика се јави госпоѓа Којзеклиска и господинот Стојановски.

Повелете три минути за реплика госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван министер јас го читав законот од почеток до крај, имав доволно време да го читам и во прва фаза и во втора фаза, но јас повторно не разбрав зошто во надлежност на ДИК е да го пропишува образецот за уверение за поседување на обука на членовите на изборните органи кога обука или такво уверение не е предвидено во членот 18, како што беше предвидено во прва фаза. Тоа е едната работа.

Втора работа, драго ми е што признавте дека вие од првата фаза до сега го сменивте за 360 степени концептот за изборниот законик. Вие сега јавно кажавте и признавте дека сте го сменилe во целост концептот. Она што било предвидено во прва фаза, да не зборувам за т.н. Скопски договор, одкако го пуштивте во Собрание во четвртокот, па во саботата имавте средба со лидерите на политичките партии, па паднавте под влијание на уцена, класична уцена доколку не се прифати ова јас ќе ги бојкотирам изборите од страна на ДПМНЕ и сето ова ќе беше некој продуциран филм од прва до оваа фаза да не се знае што е суштинската намера на Владата.

Мене ми е жал што дури сега јавно разбравме дека вие сте го сменилe тотално концептот и не сте за фер и демократски избори за жал. Само тоа можам да го констатирам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Повелете три минути за реплика господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** На госпоѓата министерка би и реплицирал на следниот начин.

Прво, едукацијата што бараме да се финализира преку уверение за завршена обука е насочена кон лицата кои ќе бидат избрани по случаен избор, меѓутоа дали тоа значи дека не треба да биде насочена и кон оние кои што ќе бидат претставници на политичките партии.

Прашањето ми е дали вие сметате со истиот момент кога се врши случајниот избор, дека се врши истовремено со изборот и именување на членовите на избирачките одбори. По дефиниција се смета дека тие се членови, па после може да не прифатат должност, или тие треба да бидат избрани по случаен избор, да се изврши едукација на тие лица и потоа врз основа на уверението за завршена едукација да бидат именувани за членови на изборни органи кои што ќе го познаваат изборното законодавство и други прашања поврзани со изборите.

Затоа  би укажал дека именувањето не е исто со случајниот исбор.

Втора работа, во овој закон вие зборувате за случаен избор и јас би ве повикал пред целото Собрание да ни дефинирате што подразбирате под тоа, затоа што велите дека тоа треба да го регулира, а тоа е законска материја на ДИК. Тоа е на исто ниво со правилникот кој што треба да го донесе ДИК со упатствата што ги донесува ДИК и препораките на изборниот законик. Тука ќе ве потсетам само на извештајот од УНХР за локалните избори каде што стои дека не постои посебна одредба која дозволува упатставата на ДИК да бидат обжалени до Врховниот суд, а начинот на избор на ДИК знаеме каков е-Предлог од страна на Комисијата за избор и именување преку мнозинство од СДСМ, ДУИ и ЛДП, именување од страна на Собранието со 61 глас преку пратениците од СДСМ, ЛДП и ДУИ, изготвување на правилник и понатаму именување на членови на општински изборни комисии и на избирачки одбори на начин кој што ќе биде утврден од страна на оние лица кои што ќе бидат именувани само од власта.

Како ние како ВМРО- Народна партија и како ние од другите опозициони партии вклучувајки ги тука и оние кои што прифаќаат наков начин заради договор кој што го направија со СДСМ ќе бидат уварени  во исправноста на изборите, на изборниот процес и како политичките партии, сите учесници од изборниот процес освен оние од власта ќе имаат доверба  во изборните органи. Нема едукација, нема уверение, има случаен избор по мерка на власта и  има политички претставници, кои што само еден е претставник на опозицијата која ви дава легимитет на  овие избори да правите што сакате.

Тоа е она кое што не сакаме да се случи, сакаме фер и демократски избори и затоа предлагаме случајниот избор  да биде една фаза, потоа едукација и на крајот именување  н а изборните органи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Има збор пратеникот Жарко караџоски.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски**:Благодарам господине потпретседтеле,

Многу дилена предизвика амандманот кој што го предложи пратеничката група на ВМРО-Народна партија затоа што ние имавме една основна идеја или цел и неколку пати сме искажале и сега ќе повторам. Наша заложба е да добиеме еден закон кој што ќе не приближува кон европските интеграции односно кон рамноправно членство во Европска унија. Не треба да се заборави дека ВМРО-Народна партија имаше свој претставник ви комисиите однодно кога се подготвуваше овој закон. Значи дадовме едно учество со наши сугестии итн., итн. Значи имавме рамноправен пристап и на таквите средби бевме запознавани со сите сугестии кои што ни беа доставени од ОБСЕ, од УНХР итн., итн.

Ние како партија не поднесуваме амандмани заради некаков инает,поднесуваме амандмани да се добие навистина одредби со кои се гарантираат фер и демократски избори. Сега е глупо овде да расправаме што е едукација, што е завршена обука, што е уверение за завршена обука.

Тоа е исто како да прашате што е студирање, а што е дипломирање и што е подобро. Дали е воопшто битно да се каже дека некој бил студент на Правен факултет и никого нема да тангира дека бил студент, но секој ќе праша дали има диплома, затоа што дипломата е гарант дека нешто знаете, дипломата е гарант дека сте го поминале тој процес на едукација и дека сте го завршиле, поточно сте го исполниле оној минимум фонд на знаење за да ја добиете таа диплома и тоа е гаранција за сите вработувања во сите сектори кои ги пополнуваме, каде се бара одредена квалификација. Не е гаранција ако каже некој јас учев на Правен факултет, туку дали имаш диплома, дали си научил, а не дали си учел.

Кога зборуваме за едукација, ништо не може да значи дали некој пошол на едукација а ништо не научил, се вратил од таму и само присуствувал за да прави кворум, или за да се прошета и да земе дневница евентуално, туку дали нешто знаел, дали научил. Гаранцијата е дали научил.

Она што ние го предлагаме во членот 18 став 1 кој не може да биде член на изборниот орган ништо нема да значи ако се додаде една ваква одредба со која само ја зајакнуваме улогата на членовите на избирачките органи, тие да бидат поодговрни и кога ќе се врши избор на таквите лица особено од делот на јавната администрација треба да се води сметка дали некој посетувал некаков курс, некаква едукација и што од тоа научил. А дипломата, односно уверението или како сакате крстете го е токму доказ што научил, а не што посетувал. Да ви кажам искрено, јас имам посетувано 4-5 разни курса за англиски јазик и до ден денес не го знам, па затоа немам диплома. Значи не е гаранција дали сум се едуцирал и сум одел, туку што сум научил.

Сега ќе ви прочитам неколку работи само за да ви докажам и потврдам дека нашата пратеничка група е сериозна кога дискутира за амандманите и такви ќе бидат дискусиите за сите амандмани. Немојте да мислите дека само се инаетиме, туку разговараме со аргументи.

Почитувана министер, ви се обраќам на вас затоа што кај мене има еден документ кој може да биде крстен како одговор на прашања од страна на Владата до Европската унија, а тоа е оној Прашалник што ни беше доставен и што толку чекавме да го добиеме, кој толку напорно го работевме за да го одговориме, за да на крајот благодарение на тоа што се одговори и таму што напишавме некој ни даде зелено светло. Не би сакал сега да произлезе дека во тие одговори што ги дававме на поставените прашања или одговаравте вие како Влада, денес се препознава некоја лага или некое изигрување. Не би сакал тоа да биде така сватено и затоа нам ни е индикативно прашањето зоштопрвата и втората фаза се разликуваат во овој дел. Бидете сигурни дека законот сме го читале докрај, во тоа немојте да имате дилеми, затоа што нависитна сме го читале докрај и добро знаеме што сакаме со ова што го предлагаме. Еве, ќе цитирам неколку работи. Бидејки на вас ви е добро познато, ќе го цитирам прашањето број 5 кое гласи: "Какви мерки планирате да воведете за да се обезбеди тајноста на гласањето, да се спречи семејно и групно гласање, какви мерки се превземаат на планот на образованието на гласачите за да се решат тие проблеми кои се појавуваат во континуитет; дали имате во план да ја разјасните улогата на ДИК како одговорна и т.н.", да не го читам целото прашање. Сега за да не го читам целиот одговор само ќе издвојам неколку цитати. Еве што одговара Владата, цитирам: "Во поглед на едукацијата, како што е споменато во одговорот на претходните прашања, имајќи предвид дека се идентификувани подрачјата каде во континуитет се појавуваат неправилности, се планира таргетирана едукација. Едновремено ќе се спроведат обуки на општински изборни комисии, на избирачките одбори за секој изборен процес. Со закон - потенцирам, со закон - ќе се воспостави задолжително присуство на општинските изборни комисии на избирачките одбори на обуките. Обуките ќе ги опфаќаат сите постапки, а особено ќе се концентрираат на начинот на гласањето на пребројувањето и пресметувањето на резултатите од гласањето, како и нивните обврски во изборниот процес со јасни инструкции за последиците од непреземањето соодветни мерки заради надминување на ваквите нерпавилности. Во рамките на зајакнувањето на надзорната функција на ДИК ќе се регулира прашањето на определување контроли на изборни места во кои се повторуваат изборните неправилности". Има уште, но тука ќе го прекинам цитатот.

Сега има едно друго прашање, а тоа е прашањето број 2 кое гласи: "Кои се плановите да се зајакне и разјасни функцијата на ДИК; кога планирате да создадете трајни административни и професионални структури со траен буџет во служба на ДИК; дали планирате да разјасните и за другите изборни комисии и т.н.; во поглед на престојните избори дали планирате да се изведе соодветна обука на општинските изборни комисии и изборните одбори". Кога станува збор за обука, се цитира посотјниот Закон за избор на пратеници, а не овој закон, за кој не би сакал сега да дискутирам, но има една реченица многу интересна, која вели: "Натаму се планира воведување на законска обврска за задолжителна едукација на членовите и замениците на членовите на избирачките одбори со преземање соодветни мерки за оние кои не посетувале обука (дополнителна обука, замена на членовите на изборните одбори и слично)". Значи се предвидуваат мерки, оној кој што не посетувал одредена обука да биде соодветно казнет, избришан или не знам што. Во заштита на ова што овде го пишува, но верувајте има уште вакви конкретни прашања и одговори, за кои не би сакал сега да го одземам времето, значи во контекст на она што се одговорило на меѓународниот фактор и во контекст на она што сме го превзеле како обврска нема ништо поконкретно од издавање на уверение за посетена едукација односно обука на членовите на избирачките одбори, како што е наведено и во самиот одговор. Ако ни е целта професионализација како што беше основниот концепт на овој закон и ако во избирачките одбори, во изборните органи сакаме да направиме професионализација, факт е дека треба да има и една едукација, која ќе биде потврдена со едно уверение кое секој член на избирачкиот одбор ќе го има, за да и ние како граѓани знаеме и имаме доверба во тие органи, а не да се соменваме дали знаат да ја вршат работата или не. Впрочем, почитувани колеги, можеби за овој амандман немаше толку сериозно да пристапиме во негова елаборација до колку не се случеше овој преседан со амандманот на Владата на членот 192, значи додавање на член 192. Преку ноќ ако можеме да отстапиме од основниот концепт, професионализација, деполитизација во избирачките органи и на тој начин да упатиме сигнал и до граѓаните, но и до Меѓународната заедница дека имаме професионална структура која ни гарантира дека во избирачките одбори доследно ќе го спроведе изборниот процес без никакви забелешки, за да немаме сомневање во некакви фалсификати и т.н., самото ретерирање или враќање два чекори назад, што го направи оваа Влада со прифаќањето на оној "политички пазар" меѓу ДПМНЕ и СДСМ, и сега воведување на членови во избирачките одбори претставници на политички партии се отвора прашањето апсолутно за едукација, односно дали со присуство во тие избирачки одбори на секој еден кој ќе го предложи партијата и прашање е колку е едуциран и иако посетувал едукација колку научил и колку знае, нели го отвораме сомнежот повторно избирачките одбори не ни се доволно едуцирани, затоа што не сум убеден дека претставниците на политичките партии ќе се занимаваат со едукација колку што ќе се занимаваат како да уфрлат што повеќе ливчиња во кутијата, а сами констатирате дека во континуитет ни се повторуваат одредени аномалии кој веќе сите ги знаат. Отука се нелогичностите на сите овие работи. Сега ако веќе отидовте во правец да имамепо неколку претставници од политичките партии, оние како што вие ги дефиниравте да бидат опозиција, само две, односно само една партија, тогаш со еден ваков амандман, до колку се прифати еден ваков амандман, може да се стекне доверба дека дури и таквите кои што влегуваат иако се политички обоени, ако ништо друго, го знаат изборниот процес, па ќе се надеваме како граѓани дека нешто научиле и можат да ја сработат работа така како што се бара од нив.

Од сите овие работи можеме да дискутираме не знам колку во овој правец, не гледам причина да се одбие овој амандман и не гледам никакво оптоварување, затоа што самата едукација е воведена на некој начин во законот и таа едукација нека има свој епилог, нека има своја завршница, нека се издаде уверение. Убеден сум дека на тој начин ќе се види колку од тие луѓе што одат на едукација научиуле, затоа што на крајто на краиштата нам не ни се потребни само муѓе кои ќе бидат членови на избирачките одбори, туку ни се потребни стручни и едуцирани луѓе, ама докажано едуцирани и заради тоа сметам дека овој амандман апсолутно заслужува внимание и треба да биде подржан.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Молам пратениците да седнат на своите места, а службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Амандманот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеника во салата, гласале 54 пратеници, 12 пратеници гласале за, 1 воздржано и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2 алинеја 1, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Повелете госпоѓо минситер.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

Повелете господине Петковски.

**Тито Петковски:** Господине потпретседател, почитувана министер, почитувани колеги,

Целта на овој амандман е да се започне со процес на департизација на изборните органи во државата. Сметавме дека Македонија има шанси уште во оваа фаза она што европските развиени демократии со години го практикуваат, сакаме оние луѓе што биле на истакнати партиски функции до сега во државата во изминатите години да не бидат во кругот на лицата што можат да бидат членови на избирачките органи, а праксата е токму таква, сите луѓе кои што биле истакнати партиски претставници, по завршување на мандатот неможејки да се најдат на определени места, биле распоредувани за високи државни чиновници во државата.

Нашиот предлог е оној што е содржан во членот 18, круг на лица што не можат да бидат членови на избирачките одбори, да се прошири и со државни советници и раководители на сектори и служби. Сметаме дека на овој начин ќе се објективизира изборниот процес, а ќе започне процес на департизација на изборните органи.

Молам колегите да го пдоржат амандманот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Никола Апостоловски.

Повелете господине Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе.

Доста размислував одколу овој предлог на амандман на господинот Тито Петковски и сеуШте не ми е јасно што се сака да се псотигне со овој амандман. Ако е целта да се подобри текстот на законот, работата е промашена, или има за цел да создаде хаос во изборниот процес. Веројатно е второт, некој сака да лови во матно. Имено, за што се работи? Би го прочитал амандманот, кој би гласел вака ако се прифати: "Во општинската изборна Комисија и избирачкиот одбор членови не можат да бидат избран или именуван функционер од Владата, односно Собранието, државните советници и раководителите на сектори и служби", па се прашувам кои ќе бидат членови на општинската изборна Комисија. Нема да има општинска изборна Комисија, или државен советник според Законот за државните службеници е лице со високо образование и 5 години работно искуство. Очигледно господинот Петковски тоа го знае, но не му одговара. Или, во членот 38 членови на избирачкиот одбор се претседателот и неговиот заменик, се избираат од редот на државната, општинската и администрацијата на градот Скопје. Значи тоа се државни службеници. Со предлогот на Владата се нуди најквалитетното решение, државните советници односно лице што имаат 5 години работно искуство и високо образование. Во тоа е поентата. Ако го прифатиме амандманот, ќе немаме општинска изборна комисија и ќе немаме претседател и заменик на избирачките одбори, значи ќе немаме избори. Мислам дека тоа е интенцијата на овој предлог на амандман и затоа нема да го прифатам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостоловски.

Господине Петковски, повелете, имате три минути реплика.

**Тито Петковски:** Значи ли тоа дека останатите членови на државната и јавната администрација немаат високо образование, туку се само со средно или ниже, недај боже, образование. Говориме само за луѓе кои се истакнати партиски војници и по истекот на мандатот биле распоредени по "заслуга" на места кои за партијата и натаму треба да носат поени. Смислата е единствено само до колку се изземат партиските војници од изборниот процес, можеме да говориме за департизација на изборниот процес.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петковски.

Една минута контра реплика за пратеникот Никола Апостоловски.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине потпретседателе, не ја прифаќам репликата на господинот Петковски од едноставни причини што тој не разликува државна и јавна администрација и општинска.

Во јавната администрација нема државни советници и државни службеници. Очигледно тој сака да лови во матно и тоа со мрежа, а кога ловиш со мрежа во матно се фаќа ѓубре.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Мислењето на пратеничката група на ВМРО-Народна партија е идентично со образложението по повод дадените амандмани, од тие причини ние ќе го прифатиме овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе, ќе го ставам моето мислење во делот на образложението на тој амандман во кој се вели дека државните советници, раководители на сектори и служби е голема партизација во државата. Ако ние како Парламент, како институција, највисока законодавна институција немаме доверба во државната администрација и во раководителите на секторите кои носат голем товар и за работата на законодавниот дом, за нашето функционирање како Парламент, тогаш немаме доверба во сопствената држава.

Оквалификувајќи ги тие луѓе кои професионално си ја вршат својата работа, дека се партиски војници и ќе бидат во функција на идните парламентарн избори или било кои парламентарни избори го сметам за висок степен на популизам, имајќи ја предвид предизборната година и атмосфера која се создава во Парламентот околу било кој амандман.

Затоа сметам дека треба да имаме минимум почит спрема професионалноста на луѓето што си ја вршат таа функција цел работен век. Раководители на такви функции, има луѓе кои се 20, 25 години во тие сектори кои навистина некои сигурно не заслужуваат почит заради неизвршување на работите, меѓутоа, најголемиот дел се навистина професионалци во работењето на својата работа. Ценењето на работата на таквите служби треба да се цени врз основа на резултатите од работа, а дека се партиски војници сметам дека не е вкусна таква работа и нема да го поддржам овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Тито Петковски.

**Тито Петковски:** Внимавав она што го говореше колешката, тогаш значи дека членот 18 став 2 значи целосна дискредитација на сите членови вработени во државната и јавната администрација, бидејќи овде стои: членови на државната изборна комисија не можат да бидат лица избрани и именувани од Собранието и Владата. Тоа значи дека сите луѓе токму поради тие аргументи ги дискредитираме, што ги спомна колешката, апсолутно не стои тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Очигледно дискутираме за различни работи.

Во членот 18 став 2 стои член на изборен орган не смее да биде избран или именуван функционер од Владата односно Собранието. Значи, сите избрани и именувани кои се партиски војници, како милувате да кажете, тогаш е во ред, тоа стои во законот, меѓутоа, вашиот предлог е државните советници и раководители на сектори и служби да не бидат членови на општински изборни комисии или избирачки одбори. Јас за тоа зборував квалификувајќи ги како партиски војници е чист популизам. Тоа сакав да кажам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Три минути реплика за пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Ова прашање го гледам како дел од прашањето за изградба на доверба во изборните органи. Факт е дека се договоривте со ДПМНЕ и си рековте СДСМ и ДПМНЕ, ЛДП и ДУИ и власта во целина си имаме договор во кој обезбедивме поддршка дека имаме доверба во изборните органи независно како ќе бидат формирани и независно од нашите претходни ставови кои ги застапуваме.

Владата се залагаше за професионализација, се откажа, за првите наредни избори нов концепт кој не е целосен и затоа е многу лош и ДПМНЕ се откажа од мнозински систем и од сите други предлози кои ги застапуваа.

Значи, ова што го предлагам сега се однесува на изградбата на доверба на изборните органи. Дали вие мислите дека изборните органи кои немаат доверба од страна на ВМРО-Народна партија, од страна на новата Социјалдемократска партија на господинот Тито Петковски, од страна на ПДП, на сите други учесници во изборниот процес и од страна на граѓаните кои, ќе ве потсетам, дека по законот имаат право да предлагаат листи на кандидати со собирање на потписи, тие треба да бидат оние кои треба да имаат доверба во изборните органи. Тие изборни органи не треба да се менуваат од избори до избори, туку во континуитет професионално и непристрасно треба да си ја вршат својата работа.

Ова што се предлага сега ви кажува дека некој нема доверба заради партизираноста која се правеше на највисоките структури на државната и јавна администрација. Ако е веќе тоа за највисоките структури, тука се работи за ограничен број на лица, зошто да не обезбедите поддршка на градење, на еден процес на градење на доверба во тие изборни органи.

Не знам зошто ан блок се отфрлаат тие предлози или се ставаат во функција на бранители на независноста на раководните државни службеници, а од друга страна можеме со име и презиме да ви кажеме за државните секретари, за некои високи раководители на државната администрација од чија политичка партија се ставени. Значи, зборуваме за изградба на доверба во изборните органи. Верувајте, ова што се направи сега со овој Предлог-изборен законик, дефинитивно значи рушење или еден силен удар кон довербата која треба да ја имаат партиите во изборните органи вклучувајќи ги и овие прашања за кои сега дискутираме во контекст на овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Една минута контра реплика за пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам, градењето на довербата во изборните органи не се прави со една реченица, тоа се прави низ изборен процес.

Јас зборував за довербата во државната администрација и раководителите на сектори и државните советници.

Довербата во изборните органи ќе ја изградиме тогаш кога општинските организации на политичките партии вклучувајќи ја и мојата партија нема да вршат притисок врз членовите на избирачките одбори на општинските изборни комисии во било кои избори, не само на овие избори. Тогаш ќе кажеме дека сме ја изградиле

довербата и сме останале по страна во изборниот процес кога сме им дозволиле својата работа во текот на избри да си ја вршат својата работа.

Со вакви дискусии дека се партиски војници, дека ќе слушаат партии не одиме во правец во градење на доверба во изборните органи и луѓето кои треба да се нафатат да ја вршат таа работа во изборниот процес. Сепак довербата се покажува низ активност на политичките партии.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат точниот број.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

(Нема доволно пратеници).

Молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме.

Сега имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник гласале 56 од кои 7 за, нема воздржани и 49 против.

Консттирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за менување на став 3, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Ќе бев задоволен доколку имаше образложение зошто не се прифаќа, меѓутоа, се надевам дека во текот на расправата ќе добијам такви информации.

Значи, што е она што пратеничката група на ВМРО-Народна партија го предлага:

Членот 18 став 3 кој е дел од она што го предлага Владата на Република Македонија преку Министерството за правда гласи:

Лицето избрано за член на изборниот орган може да не прифати да ја извршува таа должност само поради здравствени или семејни причини при што за изземање на членот одлучува органот кој го избира врз основа на приложена соодветна документација.

Малку чуден збир на зборови затоа што прво, ако зборуваме за изземање на член, изземањето треба точно да биде наведено во кој случај се врши и поради кои причини.

Второ, зборуваме за лице избрано за член на изборниот орган.

Потоа зборуваме неприфаќање да ја извршува таа должност, значи не зборуваме за разрешување, туку за неприфаќање на извршување на должност, што после како краен резултат би требало да биде разрешувањето, меѓутоа, она што не е во ред во однос на ова прашање е целината на поставеноста на работите во контекст на можноста за разрешување на членови на избирачките органи, за членови на општинските комисии од страна на државната изборна комисија и за членови на избирачките одбори од страна на општинската изборна комисија затоа што вака како што е наведено буквално секој може да рече дека поради семејни причини нема да може да ја извршува должноста, како што се вели тука, член на избирачкиот одбор.

Избирачката комисија државната или општинската со обично мнозинство на гласови ќе изгласа дека постојат услови за тоа лице да не ја извршува таа должност и да биде разрешено од член на избирачкиот одбор или на општинската изборна комисија и на тој начин се постигнува она што може да претставува многу опасна цел а предлагачот, а тоа е да бидат тргнати како членови на избирачките одбори и на општинските изборни комисии сите оние на кои ќе им се каже да бидат тргнати. Вака како што стои буквално секој може да биде разрешен поради здравствени и семејни причини со соодветна документација од страна на обично мнозинство на органот кој го избрал.

Значи, од ова буквално можам да воведам секаква причина за да биде некој во ситуација да се откаже од членувањето во изборните органи и на тој начин се доведува во прашање принципот на ждребувањето односно случајниот избор за кој водиме дискусија, а тоа е уредувањето на ова прашање и првата фаза кога беше, а и сега, требаше да биде законска материја. Го препуштивте на државната изборна комисија. Она што зборував во првата дискусија, да не го повторувам, меѓутоа, факт е дека државната комисија ниту ќе има можност ниту ќе има време да утврди ждребување и потоа при именувањето дека членовите на изборните органи кои треба да бидат именувани ги исполнуваат условите, согласно член 18 односно кое се лице не може да биде избрано. Значи, треба да и доставите на државната изборна комисија кога се работи за членовите од државна и јавна администрација за изборните органи.

Би ве прашал како тоа ќе го сторите со политичките партии кои треба да предлагаат свои претставници во избирачките одбори како што предлагате со амандманот. Ќе му предложите или ќе му доставите список на лица кои се осудени за казниви дела поврзани со изборите за да не ги

предлагаат? Јас сум свесен дека политичките партии не можат да ги заменат институциите на системот.

Понатаму, лице кое претходно учествувало во спроведување на изборите и во чија работа како член на изборен орган се утврдени неправилности поради кои е поништено гласањето исто така може да ви биде именувано за член на изборен орган. Разрешувањето на ова лице по овој основ повторно не е регулирано и останува единствено можноста самото лице да каже дека не сака да ја извршува должноста член на изборен орган.

Понатаму, лицето кое е избрано, како што велиме, случајниот избор завршил, државната изборна комисија го спровела случајниот избор онака како што таа регулирала тоа да го направи, се поставува прашањето, ако веќе може секое лице да се откаже од вршењето на должноста, како што велите, дали тогаш не ја доведуваме во прашање случајноста на самиот избор? Затоа што секој оној кој е случајно избран може да се откаже и да останат оние кои се случајно избрани, меѓутоа, не случајно нема да бидат разрешени од страна на органот кој ги избрал со мнозинство од вкупниот број на членови.

Ние ви предлагаме наместо просто мнозинство од органот кој го именува тоа да го направи истиот орган со 2/3 мнозинство за да се намалат можностите за злоупотреба на ова разрешување од членство во изборните органи.

Не гледам причина зошто не го прифаќате ова.

Втората работа се однесува на членот кој е директно поврзан со овој, а тоа е член 37 став 2. Во него се зборува за надлежноста на општинската изборна комисија и стои дека општинската изборна комисија го именува составот на избирачките одбори со решение и со депонирани потписи на членовите го доставува до државната изборна комисија.

Значи, имаме именување на составот на избирачките одбори, а вие велите во овој став 3 за избирање на член на изборниот орган и за прифаќање на изборот. Значи, ако е веќе именуван членот од страна на општинската изборна комисија, зборувам за избирачки одбор, тогаш како е можно на друг начин освен со разрешување да му престане неговото членство во избирачкиот одбор? Со тоа што ќе каже или како, навистина не можам да разберам како се мисли да се практикува овој термин изземање?

Понатмау, која е таа приложена соодветна документација? Приложена соодветна документација за семејни приини. Значи, семејни причини, под семејни причини, тоа е нешто што е поврзано со семејството, со сето она што претставува право на семејно живеење и околу тие прашања навистина нема кој да утврдува дали се нарушени или не некои семејни односи и дали има семејни или нема семејни причини.

Тука би ве упатил на Законот за семејство и на Уставот на Република Македонија, па да видите дали е можно било кој избирачки одбор да утврдува вашата семејна состојба дали е влошена или не е и дали имате некакви семејни или немате семејни причини.

Затоа што оној што оди во државна администрација или јавна администрација зема плата, ги исполнува своите работни обврски, не може да каже дека има семејни причини за да не можње да учествува во гласањето, во спроведувањето на изборите.

Значи, ова апсолутно не може да држи како било каков аргумент во контекст на можноста...

Ако не сте заинтересирани, ако веќе гледате дека е близу 18,00 часот, можете да одите, затоа што гледам дека нема некој интерес за аргументиве кои што се искажуваат тука. Се трудиме да направиме закон кој што долгорочно ќе биде спроведлив во Република Македонија. Во овој однос при донесувањето на овој закон начинот на кој што се донесува овој закон со пазарење од типот: јас тебе ова, ти мене она, без концепт. Нема потреба тука во Парламентот да измислуваме топла вода. Подобро ќе беше да земете да препишете било кој друг закон од друга држава, отколку да се прават вакви еквилибристики со решенија кои што не можат да бидат применливи, или што јас навистина се сомневам дека до толку може да се оди, целта да биде самите избори да не поминат онака како што треба. И со цел да можат на овој начин СДСМ да ја обвинува ДПМНЕ, ДПМНЕ да ја обвинува СДСМ, а од друга страна сите ќе бидат криви, изборите нема да бидат фер и демократски и Република Македонија и пред се граѓаните на Република Македонија ќе ги трпат последиците од оваа ситуација. Затоа јас сакам да ги истакнам овие аргументи за кои што зборувам. Затоа пратеничката група на ВМРО Народна партија ги поднесе овие амандмани на овој изборен законик кои што претставуваат дел од еден концепт кој што ќе значи спроведување на фер и демократски избори. На овој начин ние не велиме ВМРО Народна партија да ги контролира избирачките одбори, ние не велиме да нема професионализација, ние не велиме, ако сакате веќе да има и учество на претставници на политичките партии нека има и тоа, меѓутоа тоа е друг концепт. Треба да има од Државна изборна комисија до избирачки одбори. Па ќе зборуваме за претседатели на тие избирачки органи кои што ќе бидат избрани од редот на државна, јавна администрација, за квалитетни луѓе и сите тие работи кои што се однесуваат на она што е суштинско за Република Македонија. Кога зборуваме тука најдобро би било да зборуваме за последиците од она што го носиме, а не дека треба само да го донесеме, да го изгласаме и на тој начин да ја спроведеме директивата која што ја имаме добиено од некои центри. Затоа, ние како ВМРО Народна партија кажавме дека ваков закон кој што не претставува концепт за спроведување на избори кој што и при разрешувањето на членовите на изборните органи и при нивното именување воведуваат

концепт на дирекно партиско влијание, ја оневозможува довербата која што треба да ја имаат сите учесници во изборниот процес во изборните органи дефинитивно ќе значи нарушување на изборниот процес како целина. Не зборувам, дали тоа ќе биде на штета на ВМРО Народна партија што е за верување, со оглед на прифатеноста од страна на дел од опозицијата да прифати Државната изборна комисија да биде избрана со обично мнозинство предложена од страна на Комисијата за избори и именувањата, а не со 2/3 мнозинство што значи доверба во неа. Значи, кога зборуваме за овие причини, дали ова значи и за членовите на Државната изборна комисија и тоа е важно прашање како тоа ќе се реализира.

Понатаму, кога зборуваме во име на граѓаните на Република Македонија треба да имаме во предвид дека целта на изборните органи не е само да мораат да ги спроведат изборните дејствија онака како што ќе сметаат тие дека треба да го направат тоа, затоа што видовме дека едукација не им е потребна, или ќе стои како обврска во законот, меѓутоа реално во пракса нема да се заврши. Разрешувањето значи можност од страна на Државната изборна комисија да бидат разрешени членовите на општинските изборни комисии по овој основ и да бидат именувани членови понатаму кои што ќе бидат во функција на реализација на интересите на оние кои што ги именувале членовите на Државната изборна комисија. Членовите на општинската изборна комисија ќе можат да разрешуваат по овој основ членови на избирачките одбори исто врз основа на интересите кои што стојат зад оние кои што ги избрале општинските изборни комисии и Државната изборна комисија преку 61 глас во овој Парламент и преку Комисијата за избори и именувања и на тој начин со присуство само на еден член од ДПМНЕ во избирачкиот одбор се дава легитимитет за спроведување на не фер, недемократски избори, избори кои што директно значат силен удар врз Република Македонија и врз нејзините евроатлантски перспективи. Јас не можам да прифатам начин на однесување во кој што единствениот аргумент во овој Парламент е, ние се договоривме, ние, зборувам за Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, ДУИ и ЛДП, со ДПМНЕ и нивните коалициони партнери и нема потреба да го аргументираме она што го имате тука пред вас. Ако не сакате да го аргументирате тоа, ако сакате тежината да ја изместите надвор од овој Парламент вон институционално, тогаш јас не ја гледам причината овој закон да го предлагате во две фази, не ја гледам причината од јавна расправа од она што го имавте како сугестија од експертите од оваа област. Впрочем јасна ви е и една друга работа, дека проблемот на разрешувањето кој што произлегува од овој член се однесува и на разрешување на членови кои што се предложени од страна на политичките партии. Како тоа ќе го изведете? Тоа ќе биде начин на регулирање со правилник, така ќе кажете, од страна на Државната изборна комисија, затоа што после разрешувањето треба да следува нормално именување на нов член кој што определен временски период треба да го предложат политичките партии. Јас сметам дека тука мислите на нас, затоа што кога го читам законот, гледам политички партии во позиција кои добиле најголем број на гласови, а тоа се оние политички партии кои што ги претставуваат, кои имаат пратеници во Парламентот преку кои се претставени граѓаните на Република Македонија, затоа што пратениците ги претставуваат граѓаните, а не политичките партии. И затоа сметам дека кога зборуваме за ова во контекст на слободниот мандат на пратениците дефинитивно ова значи дека согласно бројот на пратеници во овој Парламент ќе има и членови на избирачкиот одбор. Меѓутоа ВМРО Народна партија не се лути, затоа што оставате простор и ВМРО Народна партија да биде и евентуално некоја друга политичка партија, туку правиме проблем заради тоа што не градите доверба, или не оставате простор за доверба во избирачките органи. Ова е главниот проблем. А она што ви го дава легитимитетот да го направите ова е нешто за кое што ќе се види како ќе се одвива, затоа што она што се бараше од страна на ДПМНЕ да каже со кого мисли да гради иднина во Република Македонија и која ќе биде смислата на барање поддршка од страна на опозиционо настроените гласачи, јас не знам како ќе го аргументираат во ситуација кога не кажува со кого ќе коалицира после изборите, дали тоа ќе биде СДСМ и ДУИ, или нема да биде тоа. Јасно и гласно да го слушнеме ова и да видиме дали зад овој така наречен концепт во овој изборен закон стои политички договор кој што произлегува од таков однос кон граѓаните на Република Македонија. Значи, оставете им на граѓаните да изберат. Наше е тука како Парламент да направиме добар изборен закон со одредби кои што ќе значат спроведување или намалување на можностите за злоупотреба во однос на именувањето и разрешувањето на изборните органи, во однос на спроведувањето на изборните дејствија и на тој начин да им овозможиме на сите учесници во изборниот процес, а тука пред се зборувам на политички партии кои што сакаат преку политички договор да дојдат на власт, да не го направат тоа, туку да ја носат одговорноста за тоа што ќе сакаат да ја изманипулираат вистинската волја на граѓаните на Република Македонија. Затоа сметам дека 2/3 мнозинство при разрешувањето на член на изборен орган е неопходно, зад тоа разрешување да биде навистина адекватно на ситуацијата и на реалната потреба за разрешување на член на изборен орган.

**Слободан Најдовски:** Има збор Мери Младеновска Ѓорѓиевска, министер за правда.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Сакам само да појаснам дека во членот 18 став 3 на изборниот законик не станува збор за изземање, туку по усвоен амандман од страна на претставникот на

Владата на Законодавно-правната комисија зборот "иземање", заменет е со терминот "неприфаќање". Значи, се работи за неприфаќање во случаи кога има некои причини согласно законот дека некој член не може да прифати да биде член на изборен орган, а не откако ќе биде избран, па да може да се измени и за оние злоупотреби кои што ги спомна пратеникот.

(Со седницата продолжи да раководи, Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија)

**Љупчо Јордановски:** Господине Витановски, три минути реплика.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Денеска цел ден водиме расправа по изборниот законик и колегите од ВМРО Народна партија цело време зборуваат едно исто. Тие зборуваат за членот 192-а и колегата Стојаноски цело време зборува. Сега дури не ми е јасно, како може со еден член во избирачкиот одбор да се добијат избори. Тие цело време зборуваат за тоа, дека има некој политички договор и дека едниот член од опозицијата кој ќе биде на ВМРО-ДПМНЕ, а нема да биде на ВМРО Народна партија и дека на тој начин ќе се добијат изборите. Тоа не ми е јасно и не знам зошто толку алудираат на тоа прашање. Ако можат двајца членови, всушност еден член од ВМРО-ДПМНЕ во избирачкиот одбор да ги реши овие избори во Македонија, навистина е жално.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика, господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине Витановски, точно е тоа дека еден член не може да направи нешто за да се добијат избори. Меѓутоа, основното прашање е, со еден член во избирачките одбори се дава легитимитет за избор на изборни органи по мерка на СДСМ и на власта. Затоа ви кажав, и сега ќе ви кажам, Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага седум члена на Државната изборна комисија. Државната изборна комисија се избира од страна на Собранието со 61 глас. Таа го носи правилникот за начинот на избор, критериумите и постапката за избор на останатите изборни органи. Разрешувањето се врши врз основа на гласање, повеќе од половината на секој изборен орган. Сето ова значи дека вие односно не вие, вие како СДСМ добивте легитимитет да направите ваков вид на изборни органи од страна на Никола Груевски со само еден член кој ќе го има во избирачкиот одбор. И затоа велиме, договорот е направен, само треба да излезе на виделина она што ќе го реализирате.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе,

Почитуван колега Стојаноски, вие сега зборувавте во вашата дискусија по однос на амандманот предложен од нашата пратеничка група, меѓутоа најмалку зборувавте за амандманот кој што е сега на дневен ред за гласање. Вие кажавте дека во Предлогот на текстот на законот на изборниот законик, дека е најглупавата работа: семејни причини. А токму и во овој амандман кој го предлагате стои: семејни, или здравствени причини. Значи, во вашиот амандман предлагате: семејни, или здравствени причини. Значи, вие ги прифаќате семејните причини како можност на членот на изборниот орган да не прифати да биде член на изборниот орган. Значи, овде зборуваме за дел од законот во кој што членот на изборниот орган има право да не прифати да ја извршува таа функција. А вие зборувате за разрешување. Така што овде зборуваме за неприфаќање од аспект на лични причини, дали се тоа здравствени, или семејни, за тоа одлучува членот на изборниот орган. Впрочем, тој член што треба да ја врши таа одговорна задача треба и самиот да одлучи дали може да ја врши таа функција, а причините треба да ги образложи. А вие овде во вашиот амандман зборувате за разрешување поради семејни, или здравствени причини. Очигледно пред да го потпишете амандманот не сте го прочитале, или не сте изготвувач на амандманот. А уште стои 2/3 мнозинство во делот на, вие велите разрешување, а текстот на законот вели, неприфаќање од страна на членот на изборниот орган за вршење на таа функција во текот на изборниот процес. Така што се работи за две различни работи. Не треба да ја заборавиме основната уставна определба за приватност и приватни причини. Тоа уставно начело никогаш не треба да го заборавиме. Затоа секој има право на причина да не прифати одредена функција. А разрешувањето е друга работа. А овде во законот се зборува за неприфаќање да се биде член на изборен орган, а разрешување е друга работа кој што на друг начин се решава.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, една минута.

**Блаже Стојаноски:** Затоа велам дека полначите на кутии ќе бидат заменети со бројачи на кутии. Затоа што ова што го слушаме сега зборува дека неизвршувањето на должност член на изборен орган не било исто со разрешување од член на изборен орган. Која е разликата?

Втората работа која што ја кажувам е онаа што не го читате. 2/3 мнозинство за да биде разрешен член на понизок изборен орган. Зошто тоа не се прифаќа? Затоа што треба на 2/3 од изборниот орган кој што ги именува општинските, или ги именува избирачките одбори да треба да се убеди да се прифати нешто што не е за прифаќање.

Трета работа, не го прифаќате ова заради тоа што предлагаме приложување на соодветна документација, а не изјава дека ја боли главата мојата сопруга, или не знам од кој друг тип семејни причини.

**Љупчо Јордановски:** Не ми е јасно зошто вие како сопруг зборувате за сопруга.

Господине Флоровски имате две минути, повелете.

**Александар Флоровски:** Мора да го платиме данокот на она што вчера ни го направивте претседателе. Нека не бидат две минути, нека бидат три минути.

Има една мудра изрека искажана исто така од еден мудар човек, а тоа е Макијавели дека целта ги оправдува средствата. Полека, полека, стигнувате до целта, гледајќи како тонете. Носите изборен законик по ваш терк и веднаш можам да кажам дека господа, јавно од оваа говорница како што кажуваа одредени политички лидери дека изборите ќе бидат лажирани. Со кого тоа се договаравте, имате политички дил, не можам да кажам. Но, според неприфаќањето на нашите амандмани кои се во функција на подобрување на текстот и расчистување со некои дилеми кои постојат можам да го констатирам следното уште еднаш јавно, дека на следниве избори кои ќе бидат за два, или три месеци, вие господа од СДСМ ќе гледате да ги лажирате изборите, се со една цел колку-толку да се одржите на позициите, или на бродот кој што тоне.

И да се вратам на амандманот. Амандманот го нудиме само од една причина, а тоа е да не правите така наречена позитивна селекција меѓу луѓето и сите оние кои не одат по вашата сметка...

**Љупчо Јордановски:** Ја прекинувам седницата, ќе продолжиме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)